# РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ИНКЛУЗИВНОСТ ВО СПОРТОТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Еднаквост по основ на род и попреченост во националните спортски федерации, Олимпискиот и Параолимпискиот комитет



Ко-финансирано од Европска Унија

ФЕР ИГРА: Поддршка за родова еднаквост во спортските политики

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Издавач:** Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**Авторки:** Силвија Митевска, Бојана Јовановска, Елена Кочоска

**Уредничка:** Силвија Митевска

**Наслов:** Родова еднаквост и инклузивност во спортот во Северна Македонија. Еднаквост по основ на род и попреченост во националните спортски федерации, Олимпискиот и Параолимпискиот комитет

**Лектура:** Даниел Медароски

**Графички дизајн:** Контура Скопје

Скопје, 2025 г.

**МЦМС адреса:** ул. Никола Парапунов бр. 41а; поштенски фах 55, 1060 Скопје;

**Контакт:** тел. +389 (0)76 365 381; е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk.

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

796.062-055.2(497.7)(047.31)
796:061.2-055.2-057.17(497.7)(047.31)
316.4.063.3-056.26/.36:796(497.7)(047.31)

МИТЕВСКА, Силвија

Родова еднаквост и инклузивност во спортот во Северна Македонија [Електронски извор] : еднаквост по основ на род и попреченост во Националните спортски федерации, Олимпискиот и Параолимпискиот Комитет / [авторки Силвија Митевска, Бојана Јовановска, Елена Кочоска]. - Скопје : Комисија за спречување и заштита од дискриминација : Македонски центар за меѓународна соработка, 2025

Начин на пристапување (URL):
https://mcms.mk/mk/our-work/research-and-publications/researches/2642-rodova-ednakvost-i-inkluziv-nost-vo-sportot-vo-severna-makedonija.html.
- Текст во ПДФ формат, содржи 56 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 11.02.2025.
- Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 46-47. - Содржи и: Анекс 1-3

ISBN 978-608-4848-59-2

1. Јовановска, Бојана [автор] 2. Кочоска, Елена [автор]
а) Родова застапеност -- Жени -- Раководни позиции -- Спортски организации -- Македонија -- Истражувања б) Лица со попреченост -- Инклузија -- Спорт -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 65242629

---

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската Унија за потребите на проектот „Фер игра: поддршка за родова еднаквост во спортските политики". Нејзината содржина е единствена одговорност на авторките Силвија Митевска, Бојана Јовановска и Елена Кочоска и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од ова истражување може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение. Авторското право на ова истражување е заштитено, но истражувањето може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други истражувања или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.



# СОДРЖИНА


Листа на кратенки 4

Поимник 5

Извршно резиме 7

Вовед 9

Методологија 11

Предмет и цели на истражувањето 11

Истражувачки методи и инструменти 11

Ограничувања на истражувањето 13

1. АНАЛИЗА НА НОРМАТИВНАТА РАМКА И СТАНДАРДИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СПОРТ НИЗ РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА И ПЕРСПЕКТИВАТА НА ПОПРЕЧЕНОСТ 14

1.1. Правото на учество во спорт како човеково право 14

1.2. Родова еднаквост во спортот 15

1.3. Конвенција за правата на лицата со попреченост 18

1.4. Позитивна практика од Европска Унија и/или регионален контекст 19

1.5. Национална нормативна рамка и стандарди 21

2. АНАЛИЗА НА НАОДИТЕ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ 31

2.1. Застапеност на жените на позиции на одлучување 31

2.2. Политики на еднаквост 35

2.3. Бариери во пристапот на жените до позиции на одлучување 38

2.4. Интерсекциска дискриминација во спортскиот сектор 41

3. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 42

3.1. Заклучоци 42

3.2. Препораки 43

Библиографија 46

Анекси 48

Анекс 1. Прашалник за родовата застапеност во националните спортски федерации, ОКСМ и МПК 48

Анекс 2. Прашалник за експертски интервјуа 53

Анекс 3. Контактирани спортски организации преку електронска пошта за доставениот прашалник 53



# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| ГО | Граѓанска организација |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКЧП | Европската конвенција за човековите права |
| ЕУ | Европска Унија |
| КПЛП | Конвенција за правата на лицата со попреченост |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ОКСМ | Олимписки комитет на Северна Македонија |
| МОК | Меѓународен олимписки комитет |
| МПК | Македонски параолимписки комитет на Северна Македонија |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ОЛП | Организација на лицата со попреченост |
| ООН | Организација на Обединетите нации |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| САС | Суд за арбитража во спортот |
| СЕ | Совет на Европа |
| УДЧП | Универзална декларација за човековите права |
| УНЕСКО | Организација за образование, наука и култура на Обединетите нации |
| ФИФА | Меѓународна фудбалска федерација |
| ЦЕДАВ | Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |



# ПОИМНИК

| Термин | Значење |
| --- | --- |
| Дискриминаторска основа | Дискриминаторски основи дефинирани во Законот за спречување и заштита од дискриминација се: раса, боја на кожата, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа. дискриминаторска основа. |
| Интерсекциска дискриминација | „Интерсекциска дискриминација“ е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани. |
| Инклузивна еднаквост | Инклузивна еднаквост е нов модел на еднаквост согласно КПЛП. Инклузивната еднаквост ја опфаќа материјалната еднаквост низ четири димензии, и тоа: (а) фер редистрибутивна димензија; (б) димензија на признавање, признавајќи го достоинството на човечките суштества и нивната интерсекционалност; (в) партиципативна димензија; и (г) приспособувачка димензија. |
| Јазик | Под „јазик“ се подразбираат орално-слушни јазици, знаковниот јазик и други форми на јазици што не се изговараат. |
| Род | Социјално-културен конструкт којшто опфаќа определени карактеристики, очекувања и улоги на жените и на мажите. |
| Комуникација | Под „комуникација“ се подразбира орално-слушна комуникација, комуникација со користење на знаковниот јазик и Браевото писмо, комуникација преку допир, печатење со големи букви, аудио, достапни мултимедиуми, читачи и други аугментативни или алтернативни начини на комуникација, вклучувајќи и достапна информатичка и комуникациска технологија. |
| Лице со попреченост | Лице со попреченост е лице што има долготрајна физичка, интелектуална, психосоцијална или сензорна попреченост, што во интеракција со различните општествени бариери му е оневозможено целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите. |
| Пристапност | Место, објект, работна средина, услуга или програма, информација, комуникација, технологија каде што може лесно да се пристапи, да се влезе, да се работи, да се учествува и/или безбедно да се употребува, користи, независно и достоинствено од страна на лицето со или без попреченост. Ако стоките, производите и услугите се отворени или се обезбедуваат за јавноста, тие мора да бидат пристапни за сите, без оглед дали се во сопственост и/или ги обезбедува јавен орган или приватно претпријатие. Пристапноста се однесува на група не на поединец. Се бара задолжителна примена на стандардите за универзален дизајн. |

| | |
|---|---|
| Соодветно приспособување | Соодветно приспособување е неопходно и соодветно изменување и приспособување во одреден случај што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост на еднаква основа со другите. Соодветното приспособување има индивидуален пристап. |
| Универзален дизајн | Универзален стандард значи модел или производ, средини, програми и услуги за користење од страна на луѓето до највисок можен обем, без потреба од приспособување или изработка на специјализирани модели. Универзалниот дизајн не ги исклучува помагалата за одредени групи лица со попреченост, доколку се неопходни. Се однесува на изградба на средина достапна и пристапна за секого, вклучувајќи ги навигациските елементи низ средината и новите технолошки и информатички прозиводи и технологии. |
| Пристап кон човековите права кон заедницата со попреченост | Пристапот кон човековите права посочува дека индивидуите се попречени и оневозможени од општествените ставови и перцепции, културата и традицијата, како и од бариерите создадени од општеството во целина. При овој пристап, освен на бариерите, фокусот е ставен на автономијата, достоинството, идентитетот и културата на лицето со попреченост, без оглед на состојбата на попреченост. |
| Способност / Аблеизам | Аблеизмот е дискриминација и социјална предрасуда кон лицата со попреченост и/или кон луѓето за кои се мисли дека имаат попреченост. Аблеизмот ги карактеризира лицата со попреченост како инфериорни во однос на лицата без попреченост. Аблеизмот се однесува на збир на однесувања и општествени структури и практики што создаваат чувства на вознемиреност, страв, непријателство и апатија кон лицата со попреченост. |
| Раководни позиции во спортскиот сектор | Под раководни позиции се подразбираат претседател/ка, потпретседател(и), членови на извршното тело/управен одбор, генерален секретар/ка извршен директор/ка, претседавачи/ки на комисиите, шеф на мисија, персонал со директна одговорност за управување, персонал со работна позиција како „директор/ка“ или „шеф на...“ |
| Национални спортски федерации | Националните спортски федерации (НСФ) се управувачки тела одговорни за промоција, развој и регулирање специфични спортови во рамките на една земја. |
| Национален олимписки комитет | Националниот олимписки комитет е национална организација која е одговорна за надзор на учеството на спортистите од конкретната земја на Олимписките игри. Комитетот го координира изборот на спортистите, ги промовира олимписките вредности и го поддржува развојот на спортот на национално ниво. |
| Национален параолимписки комитет | Националниот параолимписки комитет е национална организација која е одговорна за учество на спортистите со попреченост на Параолимписките игри. Националниот параолимписки комитет ги развива, креира, обединува и претставува спортско-рекреативните активности на сите лица со попреченост. |



# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Ова истражување ја анализира улогата и застапеноста на жените, вклучувајќи ги и жените со попреченост, во спортските организации[1] во Северна Македонија, фокусирајќи се на бариерите што го ограничуваат нивното учество и напредок на раководни позиции. Истражувањето опфати 30 национални спортски федерации, Олимпискиот и Параолимпискиот комитет, со цел да ги идентификува постојните пречки за активно вклучување на жените во спортскиот сектор. Истражувањето користеше квантитативни и квалитативни методи, вклучувајќи примарни и секундарни извори, за да обезбеди сеопфатен увид во родовата динамика во спортските институции.

Главниот фокус на истражувањето беше насочен кон вклученоста на жените на раководните позиции, со акцент на анализата на нивната застапеност и структурните и културолошките бариери што го отежнуваат пристапот до ваквите позиции. Исто така, беа опфатени националните политики и нивната усогласеност со меѓународните стандарди, како и перцепциите за учеството на жените во спортот, со цел да се идентификуваат предизвиците и можностите за унапредување на родовата еднаквост во спортот.

Наодите покажуваат дека жените се значително помалку застапени на раководни позиции, како што се претседатели и генерални секретари, каде што тие сочинуваат приближно 13% и 17% од позициите, соодветно. Покрај тоа, родовата нерамнотежа е очигледна и во составот на генералните собранија и извршните тела, каде што мажите доминираат со 83% и 77% застапеност.

Иако 76,7% од организациите декларираат дека родовата еднаквост е дел од нивните стратегии, само 26,7% ја имаат интегрирано во своите статути, а во повеќето случаи таа е делумно спроведена или воопшто не се спроведува. Само 13,3% од организациите имаат воспоставено родови квоти, а политиките за лица со попреченост се уште помалку присутни и често остануваат на декларативно ниво.

Жените со и без попреченост во спортот се соочуваат со бројни бариери при пристапот до позиции на одлучување. Еден од најзначајните предизвици е тоа што спортскиот сектор често се перципира како недостапен и неподдржувачки простор за жени, без воспоставена позитивна и инклузивна спортска клима која би ги поттикнала да се пријават за раководни позиции. Ова произлегува од доминантната машка култура и структури, кои создаваат чувство на исклученост и ја намалуваат мотивацијата за учество на жените.

Понатаму, се нагласуваат бариерите како недостигот на јавни повици за раководни функции, ограничените можности за професионални обуки и поддршка, како и општата родова несензитивност во спортските структури. Дискриминацијата започнува уште од рана возраст, кога девојчињата имаат намален пристап до спортски активности, што негативно влијае на нивниот понатамошен професионален развој. Одговорноста за семејството и домот што ја носат

[1] Во контекст на ова истражување, терминот „спортски организации“ се однесува на националните спортски федерации, Олимпискиот комитет и Параолимпискиот комитет, кои беа вклучени како клучни субјекти во процесот на собирање и анализа на податоците.

жените дополнително ги ограничува нивните можности за кариера во спортот. Истовремено, финансиската нееднаквост останува значаен проблем, бидејќи жените добиваат значително помала финансиска поддршка во споредба со нивните машки колеги.

Жените со попреченост се соочуваат со двојни предизвици, комбинирајќи ги бариерите на непристапната спортска инфраструктура и ограничениот пристап до ресурси со дополнителната маргинализација што произлегува од нивната попреченост. Недостатокот на податоци за жените и девојките со попреченост во спортот дополнително укажува на нивното многу слабо учество и невидливост во спортскиот живот.

На институционално ниво, постојната нормативна рамка во областа на спортот е значително несензитивна во однос на родовите прашања и попреченоста и не е усогласена со начелата на еднаквост и недискриминација. Дополнително, истата не е во согласност со одредбите на меѓународните документи во полето на еднаквост и недискриминација кои се ратификувани од страна на земјата, вклучително и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, што создава празнини во заштитата и унапредувањето на правата на овие категории граѓани. Притоа, законската обврска за собирање и обработка на родово сегрегирани податоци низ интерсекциска призма не се спроведува, што дополнително ја отежнува процената на состојбата и изработката на соодветни политики.

Понатаму, недостатокот на систематски истражувања на теми како финансирањето на женскиот спорт, пристапот до спортска инфраструктура и можностите за професионален развој создава дополнителни пречки за креирање ефикасни и одржливи решенија.

Препораките изработени врз основа на истражувањето се насочени кон унапредување на родовата еднаквост и прашањето на попреченост во спортот, поделени во три категории: општи препораки, препораки за креаторите на политики и препораки за националните спортски организации.

Општите препораки вклучуваат истражувања за родовиот јаз и попреченоста во спортот, јавни кампањи и обуки за подигнување на свеста за еднаквоста и инклузивноста, како и поттикнување соработка со граѓански организации и локални заедници за развој на инклузивни спортски програми.

Препораките за креаторите на политики повикуваат на воведување задолжителна родова застапеност од минимум 40% на одлучувачки позиции како услов за државно финансирање, усогласување на спортските закони со меѓународни стандарди за недискриминација, поддршка за женскиот спорт и спортските активности за лицата со попреченост преку буџетски алокации, како и систематско собирање и објавување на родово разделени податоци за транспарентност. Ова е клучно за обезбедување увид во состојбата, следење на напредокот и пред сè, поттикнување одговорност кај креаторите на политики и спортските организации.

Дополнително, се предлагаат даночни стимулации за проекти кои промовираат инклузивна еднаквост, како по основ на род така и по основ на попреченост.

Националните спортски организации се охрабруваат да усвојат политики за родова еднаквост и инклузивност, со квоти за застапеност во одлучувачките органи и формирање комисии за родова еднаквост. Се препорачува организирање обуки и менторски програми за жени, особено за постспортска кариера, како и обезбедување пристапност за лица со попреченост до спортските активности и спортската инфраструктура. Организациите треба да усвојат политики кои ќе обезбедат флексибилни работни услови, целосна и еднаква партиципација на жените и лицата со попреченост, како и активно промовирање на принципите на добро владеење, вклучувајќи ограничување на мандатите и редовна ротација на раководните позиции.

Овие препораки се насочени кон воспоставување системски промени кои ќе овозможат унапредување на родовата еднаквост, промоција на инклузивноста и обезбедување еднакви можности за учество и напредок за сите во спортскиот сектор.



# ВОВЕД

Спортот игра значајна улога во промовирањето позитивни вредности во општеството, како што се меѓусебното почитување, толеранцијата и разбирањето. Спортските активности имаат моќ да ги надминат разликите и да ги поврзат луѓето, без разлика на нивната родова, расна, верска, возрасна или социо-економска припадност.

Историската маргинализација на жените во спортот открива длабоки родови нееднаквости кои сѐ уште влијаат на нивната застапеност и можностите. Спортот, првично развиен од мажи и за мажи, долго време претставувал простор во кој доминираат машките перцепции и интереси, создавајќи системски бариери за учество и напредок на жените. Како резултат на тоа, родовата дискриминација е длабоко вкоренета во спортот, што доведува до значително пониско учество на жените во споредба со мажите. Насилството врз жените, експлоатацијата и вознемирувањето во спортот се последици на културата на доминација на мажите, физичката сила и моќ, кои традиционално се поврзуваат со машкиот спорт. Овие фактори создаваат средина која ја поткопува еднаквоста и ги ограничува можностите за жените во спортот.[2]

Денес, учеството на жените во спортот сѐ уште останува значително пониско во споредба со мажите,[3] што делумно е резултат на општествените стереотипи кои одредени спортови ги поврзуваат со машка доминација. Овие стереотипи создаваат впечаток дека жените не припаѓаат во одредени спортски дисциплини, со што се намалува поддршката за женските спортистки, ограничувајќи ги нивната видливост и можности за успех. Дополнително, женскиот спорт е потценет, со несразмерно помалку ресурси, нееднакви плати и награди. Медиумите, пак, често пати го игнорираат женскиот спорт или го прикажуваат на начин што ги засилува родовите стереотипи, наместо да ја промовираат неговата вредност и постигнувањата.

Недостатокот од жени на раководни позиции е еден од најголемите предизвици за родовата еднаквост во спортот.[4] Нивната недоволна застапеност не само што го ограничува нивниот придонес во стратешките одлуки, туку создава и средина каде што потребите и интересите на жените спортистки се игнорирани или маргинализирани. Ова дополнително ги продлабочува нееднаквостите, попречувајќи го прогресот кон инклузивен и фер спортски систем.

На глобално ниво, бројни спортски организации ги препознаваат родовата еднаквост и инклузијата како врвни приоритети и преземаат акции за надминување на постојната нееднаквост. Но, податоците покажуваат дека напредокот е бавен. Во истражувањето на ниво на олимписките комитети[5] е наведено дека жените сочинуваат само 6,3% од претседателите и 15,2% од генералните секретари на националните олимписки комитети низ светот. Според

[2] UN Division for the Advancement of Women, Department of Economic and Social Affairs. (2007). *Women 2000 and Beyond*. Достапно на https://www.un.org/womenwatch/daw/public/Women%20and%20Sport.pdf

[3] UNG. A (2020) A/HRC/44/26

[4] European Commission (2024) 'Study on athletes' rights in and around big sport events: A report to the European Commission;

[5] International Olympic Committee

податоците од Европскиот олимписки комитет, собрани во 22 европски земји, Норвешка е водечка држава во која во 2017-тата година жените зазеле 43% од раководните позиции. Во преостанатите земји, во 13 од вкупно 22 земји, жените се застапени на помалку од 30% од лидерските позиции.[6]

Најновите податоци од годишниот извештај на Меѓународниот олимписки комоитет за 2024 година ја истакнуваат тековната родова нееднаквост во лидерството на Националните олимписки комитети. Според извештајот, 88% од претседателите на националните олимписки комитети се мажи, додека само 12% се жени. Во бројки, ова значи дека од вкупно 206 Национални олимписки комитети, 181 се водени од мажи, додека само 25 имаат претседателка. Што се однесува до родовата застапеност на позицијата генерален секретар, 37% се жени, а 82% мажи, што укажува на значителен родов јаз и нерамномерна распределба на оваа раководна функција.

Жените со попреченост се соочуваат со двојна дискриминација во спортот – врз основа на родот и попреченоста. Спортските активности често не ги земаат предвид нивните потреби, а системските бариери ги отежнуваат нивните можности за учество. Родот и аблеизмот се испреплетени системи на норми кои ја обликуваат секојдневната реалност, создавајќи дополнителни бариери за учество. Истражувањата покажуваат дека интерсекцискиот пристап, кој ги разгледува родот и попреченоста заедно, може да обезбеди подлабоко разбирање на искуствата на жените со попреченост во спортот. Овој пристап е клучен за развој на инклузивни стратегии кои ќе ги посочат специфичните предизвици.

Во контекст на Северна Македонија, ова истражување го анализира статусот на жените со и без попреченост во спортот, особено во однос на пристапот до раководни позиции и одлучувачки процеси. Преку идентификување на бариерите и ризиците, истражувањето има за цел да предложи стратегии за унапредување на родовата еднаквост и создавање инклузивна спортска средина.

Поттикнувањето на свесноста за важноста на ова прашање и иницирањето промени во перцепциите и политиките може да придонесе за унапредување на спортот како простор кој вистински ги отсликува вредностите на еднаквоста и разновидноста.

6 European Olympic Committees, Gender Equality in Sport Commission, Newsletter, November 2017



# МЕТОДОЛОГИЈА

## Предмет и цели на истражувањето

Целта на ова истражување е да се анализира вклученоста на жените во спортските институции и организации во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: РСМ), со специфичен фокус на структурните и културолошките бариери кои го ограничуваат пристапот и напредокот до раководни позиции во рамките на спортските федерации, Олимпискиот комитет на Северна Македонија и Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија - Параолимписки комитет. За постигнување на оваа истражувачка цел, беше употребен сеопфатен методолошки пристап кој комбинира квантитативни и квалитативни методи на истражување.

Структурата на истражувањето се заснова на анализа на примарни и секундарни извори на податоци, со цел да се стекне со нијансирано разбирање за родовата динамика во спортските институции во РСМ. Комбинацијата на различни истражувачки инструменти овозможи повеќеслојно испитување на прашањето, опфаќајќи ги и системските фактори и индивидуалните искуства кои придонесуваат за родови разлики во спортското лидерство. Истражувањето беше реализирано во периодот од јуни до септември 2024 година, додека анализата на податоците и подготовката на извештајот беа извршени во текот на септември, октомври и ноември 2024 година.

Ова истражување е засновано на главното истражувачко прашање:

*Како жените и жените со попреченост се вклучени и претставени на раководни позиции во спортските организации во Северна Македонија?*

Оттука, истражувањето имаше за цел да даде одговори за степенот на вклучување на жените во спортските организации во РСМ, со посебен фокус на бариерите со кои се соочуваат при постигнување одлучувачки и раководни позиции.

## Истражувачки методи и инструменти

За спроведување на истражувањето беше употребен комбиниран метод, инкорпорирајќи квантитативна и квалитативна анализа на примарни и секундарни податоци.

Квантитативната анализа беше направена првенствено со спроведување онлајн анкета, преку структуриран прашалник.

- **Структурираниот прашалник** имаше за цел прибирање квантитативни податоци за вклученоста и уделот на жени во раководни улоги, како и да процени дали спортските политики на национално ниво ја вклучуваат родовата перспектива и попреченоста од

интерсекцисцки аспект. Прашалникот беше достапен онлајн, на платформата „Google Forms", и беше дистрибуиран до националните спортски федерации во РСМ, како и до Олимпискиот и Параолимпискиот комитет на Северна Македонија. Дополнително, пет од спортските организации за лицата со попреченост прашалникот го пополнија по пат на интервју со истражувачкиот тим. Прашалникот беше испратен во текот на месец јули, 2024 година, до вкупно 60 спортски организации од кои беа добиени 30 одговори, заклучно со месец септември. Со цел да обезбеди поголема репрезентативност на примерокот на истражувањето, истражувачкиот тим обезбеди податоци за официјално регистрирани спортски федерации во Агенцијата за млади и спорт (АМС) и во Централниот регистар. Меѓутоа, податоците кои беа добиени од двете институции не беа усогласени, односно во Централниот регистар регистрирани се 82 субјекти како национални спортски федерации, додека во Агенцијата за млади и спорт 68 субјекти. Дополнително, при анализа на субјектите на листите беше утврдено дека некои од нив не поседуваат решение за вршење спорт, документ кој се издава од Агенцијата за млади и спорт, а за чие издавање истите треба да исполнуваат серија критериуми. Истражувачкиот тим им се обрати на сите национални спортски федерации - членки на Олимпискиот комитет и на Параолимпискиот комитет во Северна Македонија, како највисоки спортски организации, како и на дополнително регистрираните спортски федерации со решение дејност спорт кои имаа достапни и функционални електронски пошти, со цел да го прошири примерокот и да вклучи што поголем број федерации. Дел од регистрираните федерации немаат официјални веб-страници, ниту информации за контакт, со што се доведува во прашање нивната активност во полето на спортот, што создава одредени ограничувања за ова истражување. Од вкупно 60 контактирани спортски организаци (анекс 3 во прилог), одговор добивме од 30, што претставува стапка на одговор од 50%.

За целите на квалитативна анализа, во рамките на истражувањето беа користени неколку истражувачки инструменти.

- **Анализа на содржината (деск-анализа),** преку која беше направена систематска анализа на низа текстуални податоци, вклучувајќи јавно достапни документи, стратегии, закони и политики, како и истражувања и извештаи релевантни за вклучување на жените и жените со попреченост во спортските институции и генерално спроведување на принципот на родова еднаквост од интерсекциска перспектива, на национално и на меѓународно ниво. Преку анализата, целта беше да се разберат нормите, стратегиите и регулаторните рамки кои влијаат на родовата динамика во овие институции, особено во однос на пристапот на жените и жените со попреченост до одлучувачки позиции.
- **Фокус-групата,** составена од 12 учесници/чки од различни целни групи (активни спортистки, поранешни национални спортистки и жени вработени во спортски структури, како и жени со попреченост), првично планирана со физичко присуство, се одржа онлајн преку Google Meet поради недоволен број потврдени учесници. Дискусиите беа насочени на истражување на бариерите и факторите на ризик со кои се соочуваат или се соочувале овие жени во нивните кариери. За спроведување на фокус-групата беше изработен прашалник со отворени прашања и водич за дискусијата.
- **Интервјуата** со експерти/ки од областа на родовата еднаквост и спортот овозможија прибирање различни сознанија за состојбата со родово базираната и интерсекциската дискриминација во спортот во РСМ, како и за предизвиците и потенцијалните стратегии за надминување на родовата дискриминација во спортските институции. Притоа, беа спроведени вкупно 10 интервјуа, онлајн, телефонски и со физичко присуство, со различни експерти/ки од областа.

## Ограничувања на истражувањето

Како што веќе беше наведено во делот на истражувачките методи и инструменти, истражувачкиот тим наиде на одредени ограничувања при дефинирање на примерокот заради некореспондирање на податоците на институциите, односно Агенцијата за млади и спорт и Централниот регистар, некохерентна квалификација на субјектите како спортски федерации, но и непостоењето  информации за контакт, ниту официјални веб-страници на дел од регистрираните федерации, што ја проблематизира активноста во полето на спортот и постави одредени ограничувања за ова истражување. Како резултат на тоа, истражувачкиот тим не беше во можност соодветно да го дефинира примерокот, а оттука и со точност да ја утврди стапката на одговарање.

Едно од ограничувањата за спроведување на истражувањето, а што беше потврдено и со наодите од ова истражување, беше несоработката, како и историјата на конфликти помеѓу различни групи во спортскиот сектор, заради кои дел од националните спортски федерации не беа подготвени да споделат информации за нивните внатрешни политики и состојбата во поглед на родовата еднаквост, што значајно го отежна процесот на прибирање податоци, односно влијаеше на стапката на одговарање на федерациите на прашалникот. Овие фактори создаваат дополнителни препреки за прецизна процена на актуелната состојба и идентификација на потребите за подобрување во оваа област.

Дел од ограничувањата на коишто наиде истражувачкиот тим се однесуваше и на недостатокот на релевантни податоци за родовата еднаквост во спортот, како и отсуството на родово сегрегирани информации за учеството на жените во спортот, како и за државното финансирање. Пристапот до информации од јавен карактер беше значително отежнат, што делумно се должи на долгото чекање одговор од надлежните институции. Податоците во одговорот од Министерството за спорт кој го доби истражувачкиот тим преку „Барањето за пристап до информации од јавен карактер" беа некомплетни, со образложение дека Министерството нема обврска да прибира полово разделени податоци, како и дека дел од документите не може да се доставаат затоа што се на увид во Државниот завод за ревизија. Дополнително, голем дел од спортските организации немаат јавно достапни податоци на нивните официјални веб-страници, а дел од нив воопшто и немаат веб-страници.



# 1. АНАЛИЗА НА НОРМАТИВНАТА РАМКА И СТАНДАРДИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СПОРТ НИЗ РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА И ПЕРСПЕКТИВАТА НА ПОПРЕЧЕНОСТ

## 1.1. Правото на учество во спорт како човеково право

Спортот е втемелен во вредностите на човековите права. Спортот промовира правичност, недискриминација, почит и еднакви можности за сите. Учеството во спортот е признато како човеково право според одредбите на Универзалната декларација за човековите права на Обединетите нации (во понатамошниот текст: УДЧП), како дел од „учество во културниот живот на заедницата[7]".

Правото на учество во спортот е признаено како основно човеково право и во меѓународните правни документи, како Повелбата за спорт за сите на Советот на Европа[8] (во понатамошниот текст: СЕ), Меѓународната повелба за физичко образование, физичка активност и спорт на Организацијата за образование, наука и култура на Обединети нации (во понатамошниот текст: УНЕСКО)[9] и Олимписката повелба[10].

Меѓу другите договори на Обединети нации кои се однесуваат на правото на учество во спорт, култура и игра на недискриминирачка основа, се вклучуваат и: Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените, 1979; Конвенцијата за правата на детето, 1989; Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, 1975/2006; Конвенцијата за домородни и племенски народи во независни земји, 1989; Декларацијата за правата на лицата кои припаѓаат на национални, етнички, верски или јазични малцинства, 1999[11].

---

[7] https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights

[8] Препорака CM/Rec(2021)5 на Комитетот на министри до земјите членки за Ревидираната Европска спортска повелба, Совет на Европа. Достапно на: https://rm.coe.int/recommendation-cm-rec-2021-5-on-the-revision-of-the-european-sport-cha/1680a43914

[9] UNESCO. (2015). *International Charter of Physical Education, Physical Activity and Sport*. United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization. Достапно на https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000235409

[10] Меѓународен олимписки комитет. Олимписка повелба. Достапно на: https://olympics.com/ioc/olympic-charter

[11] A. J. Veal. (2022). Sport and human rights: assessing the performance of nation states in assuring the right to sport participation. Достапно на: https://doi.org/10.1080/16138171.2022.2032920)

Правото на здравје е од особена важност и е поврзано со правото на физичка активност, утврдено во член 25 од УЧДП, којашто вели дека секој има „право на животен стандард доволен за здравјето и благосостојбата на себе и на своето семејство“[12]. Слично на тоа, член 12 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права го признава „правото на секој да ужива највисок достапен стандард на физичко и ментално здравје“.[13]

Друг аспект на правото на физичка активност е поврзан со правото на образование, коешто е широко признаено на меѓународно ниво и е утврдено во член 26 од УЧДП и член 13 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права[14]. Ова право бара, меѓу другото, образованието да биде насочено кон целосен развој на човековата личност. Член 29(1) (а) од Конвенцијата за правата на детето истакнува дека личноста на детето, талентите, како и менталните и физичките способности треба да се развијат до нивниот највисок потенцијал.

И Меѓународниот олимписки комитет во Олимписката повелба го прокламира практикувањето спорт како човеково право, дополнувајќи дека секој поединец мора да има пристап до практикување спорт, без никаква дискриминација во однос на меѓународно признатите човекови права во рамките на олимпиското движење. Олимпискиот дух бара меѓусебно разбирање со дух на пријателство, солидарност и фер игра[15]. Наедно и во Европската спортска повелба на СЕ (член 6) е забележано дека „сите заинтересирани страни треба да ги почитуваат и заштитуваат меѓународно признатите човекови права и основните слободи [...] на оние кои се вклучени или се изложени на спортски активности“.

Доколку физичката активност се смета за човеково право, карактеристиките на ова право можат да се дефинираат врз основа на неговата достапност, пристапност, прифатливост и квалитет. Според тоа, доколку пристап до спорт и физичка активност се смета за човеково право, тоа подразбира низа обврски за државите наметнати од меѓународните договори за човековите права и обичајното право[16].

Оттаму, одговорноста на државите е да обезбедат рамноправен пристап до спорт и физичка активност за сите, особено за девојките и жените и да ги искористат сите ресурси за промовирање на родовата еднаквост во спортот. Со ова, не само што ќе се подобри физичкото здравје, туку ќе се поттикне и социјална инклузија и економска рамноправност.

## 1.2. Родова еднаквост во спортот

Основниот принцип на Повелбата на Обединетите нации [17] усвоена во 1945 година ја промовира еднаквоста и недискриминацијата, додека конкретно еднаквите права на мажите и на жените се потврдени во УДЧП од 1948 година.

И во Пекингшката платформа за акција[18] во една од стратешките цели се препорачува да се обезбедат пристапни рекреативни и спортски објекти и воспоставување и зајакнување родовосензитивни програми за девојки и жени од сите возрасти во образовните и заедничките

[12] Универзална декларација за човековите права. (1948). Резолуција на Генералното собрание 217А (III), чл. 25.

[13] Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права. (1966). Резолуција на Генералното собрание 2200А (XXI), член 12

[14] Универзална декларација за човековите права. (1948). Резолуција на Генералното собрание 217А (III), член 26. Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права. (1966). Резолуција на Генералното собрание 2200А (XXI), член 13.

[15] Меѓународен олимписки комитет, Олимписка повелба.

[16] Интерпарламентарна унија и Обединети нации. (2016). Човекови права: Водич за парламентарци бр. 26. Интерпарламентарна унија.

[17] Обединети нации. (1945). Повелба. Достапно на: https://www.un.org/en/about-us/un-charter

[18] https://www.unwomen.org/en/digital-library/publications/2015/01/beijing-declaration

институции, како и поддршка за напредок на жените во сите области на спортот и физичката активност, вклучувајќи во тренажниот процес, обука и администрација и како учеснички на натпревари на национално, регионално и меѓународно ниво.

Меѓународната повелба на УНЕСКО[19] специфично вели дека можноста за еднакво учество и вклученост на сите нивоа на надзор и одлучување во физичкото образование, физичката активност и спорт, без разлика дали станува збор за рекреација, промоција на здравјето или врвни перформанси, е право на секоја девојка и секоја жена кое мора активно да се спроведува.

На европско ниво, Европската конвенција за човековите права (во понатамошниот текст: ЕКЧП), повикуваќи се на принципите од УДЧП, посочува на еднаквост и недискриминација по која било основа, вклучително и род (види член 14 ЕКЧП и Протокол бр. 12 ЕКЧП).

Имено, остварувањето еднакви права е вклучено и во Стратегијата за родова еднаквост 2024-2029[20] на СЕ, чиј фокус е во шест стратешки области: спречување и борба против родовите стереотипи и сексизмот, спречување и борба против насилството врз жените и девојките и семејното насилство, обезбедување еднаков пристап до правда за жените и девојките, постигнување рамноправно учество на жените и на мажите во политичкиот, јавниот, социјалниот и економскиот живот, обезбедување на зајакнување на жените и родова еднаквост во однос на глобалните и геополитичките предизвици и постигнување родова перспектива и вклучување интерсекциски пристап во сите политики и мерки. Дополнително, оваа стратегија дава поддршка и кон Препораките за родова перспектива во различни области, вклучувајќи образование, медиуми, спорт и аудиовизуелен сектор, усвоени од Комитетот на министрите.[21]

Насилството врз жените во спортот е препознаено и во Конвенцијата на СЕ за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција),[22] каде се наведува дека државите треба да преземат мерки и активност „за родовата еднаквост во формалните наставни програми и на сите нивоа на образование“ и „во установите за неформално образование, како и во спортски, културни и рекреативни објекти и во медиумите“.

Значајно во овој контекст е и да се спомене и Резолуцијата за европската димензија во спортот[23], каде што Европскиот парламент ги повикува земјите членки да ја вклучат родовата еднаквост во сите свои активности поврзани со спортот со акцент на пристапот до спорт за жени мигранти и жени од етничките малцинства, пристапот до позиции кои се носат одлуки во спортот, медиумска покриеност, како и да се обезбеди политките и законодавтсвото во спортот да се засноваат на родовата еднаквост.

Начелото на еднаквост е дел од Договорите и цел што Европската Унија (ЕУ) активно се обидува да ја постигне преку Стратегијата за родовата еднаквост 2020-2025.[24] Во Стратегијата се повикува на промоција на родова еднаквост во спортот и учество на жените и девојките во

[19] Меѓународна повелба, УНЕСКО. Достапно на https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000235409

[20] Европска Унија. (2020). Стратегија за родова еднаквост 2022-2025. Достапно на https://ec.europa.eu/newsroom/just/items/682425/en

[21] Совет на Европа. (1998). Препорака бр. R (98) 14 за вградување на родовата перспектива. Совет на Европа. (2007). Препорака CM/Rec(2007)13 за вградување на родовата перспектива во образованието. Совет на Европа. (2008). Препорака CM/Rec(2008)1 за вклучување на родовите разлики во политиката за здравство. Совет на Европа. (2013). Препорака CM/Rec(2013)1 за родовата еднаквост и медиуми. Совет на Европа. (2015). Препорака CM/Rec(2015)2 за вградување на родовата перспектива во спортот. Совет на Европа. (2017). Препорака CM/Rec(2017)9 за родовата еднаквост во аудиовизуелниот сектор.

[22] Достапно на https://rm.coe.int/168046253a

[23] Resolution on the European Dimension of Sport, 2022. Достапно на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A52012IP0025

[24] Европска Унија. (2020). Стратегија за родовата еднаквост 2022-2025. https://ec.europa.eu/newsroom/just/items/682425/en

спортот и физичката активност, како и родова рамнотежа на лидерски позиции во спортските организации.

Понатаму, Белата книга за спортот (2007)[25] ја промовира еднаквоста во спортот, наметнувајќи обврска за обезбедување еднакви услови за сите, без оглед на род, возраст или социјално потекло. Во новиот Работен план на ЕУ за спорт 2024-2027[26] одобрен од Советот на министрите за спорт кој брои три главни приоритети, под приоритетната област интегритет и вредности во спортот, родовата еднаквост е една од клучните цели која опфаќа поголемо учеството на жени, особено меѓу тренерите и на лидерските позиции во спортските организации и спортските клубови, еднакви услови - вклучувајќи ја платата - за женските и за машките спортисти и тренери и зголемување на медиумското покривање на женските спортски натпревари и борба против стереотипите.

Една од најрелевантните стратегии за унапредување на родовата еднаквост во европски контекст е опишана во Извештајот за поголема родова еднаквост во спортот: Препораки и акциски план,[27] подготвени од Високата работна група за родова еднаквост во спортот. Препораките вклучија предлози за акциски план во шест тематски области, како учество, тренерство и судење, лидерство, социјални и економски аспекти на спортот, медиумска покриеност и родово базирано насилство во спортот.

Соодветно на тоа, и во ревидираната Повелба за спорт при Европската Унија,[28] начелото на родова еднаквост е опфатена во делот на спортот основан на вредности, каде е наведено дека треба да се работи за постигнување родова еднаквост во и преку спортот, особено преку спроведување на стратегијата за родовата перспектива во спортот.

Во 2017 година и Меѓународниот олимписки комитет го објави Извештајот[29] со препораки за унапредување на родовата еднаквост во олимпиското движење. Од овој преглед произлегоа 25 конкретни препораки со насоки како да се придонесе за напредок во родовата еднаквост во различни домени, како еднаков пристап и учество во спортот, пристап до позиции на одлучување и владеење, распределба на финансии, комуникација, човечки ресурси и медиумско покривање.

Имајќи предвид дека правото на еднаквост и пристап и учество во спортските активности е основно човеково право, тешко е да се оправдаат ограничувањата со кои се соочуваат девојките и жените при остварувањето на ова право. Ова е особено загрижувачки кога ќе се земат предвид бројните придобивки од спортувањето, кои вклучуваат не само подобрено физичко и ментално здравје, туку и поголем социјален статус и општа благосостојба.

[25] European Commission: Directorate-General for Education, Youth, Sport and Culture, *White Paper on sport*, Publications Office of the European Union, 2007

[26] Европска Унија. (2023). Работен план на Европската Унија за спорт 2024-2027. Достапно на https://sport.ec.europa.eu/news/adoption-of-new-eu-work-plan-for-sport-2024-2027

[27] Европска комисија. (2022). Стратегија за поголема родова еднаквост во спортот: Препораки и акциски план. Достапно на https://sport.ec.europa.eu/policies/sport-and-society/gender-equality

[28] Европска Унија (2024). Ревидирана Повелба за спорт.

[29] Меѓународен олимписки комитет. (2017). Ивештај со препораки за родова еднаквост. Достапно на: https://rm.coe.int/cm-rec-2019-1-on-preventing-and-combating-sexism/168094d894

## 1.3. Конвенција за правата на лицата со попреченост

Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (во понатамошен текст КПЛП)[30] е првиот обврзувачки правен акт кој дава правни и политички насоки за промена и опфаќа широк спектар на права[31].

КПЛП го уредува и правото на спорт за сите преку членот 30.5. Како единствен меѓународен документ кој ја препознава интерсекционалноста на дискриминацијата по повеќе основи, КПЛП повикува на неопходноста од промена на структурните општествени норми и прифаќање на оневозможеноста како развоен општествен процес. Оттука и во членот 3 како принцип е посочена недискриминацијата и родовата еднаквост, додека во член 6 (права на жените со попреченост) се посочува на обврските кои државите треба да ги преземат за да обезбедат целосно уживање на човековите права и слободи. Дополнително низ овој член се посочува и на обврската за преземање соодветни мерки за целосен развој, унапредување и зајакнување на жените во сите области, вклучувајќи го и спортот.

Со оглед на својата хибридна природа и пристапот за човекови права, преку членот 30.5, КПЛП има за цел да ја подигне свеста за прифаќање на попреченоста како дел од човековата разноликост, личната автономија на лицата со попреченост, почитување и промоција на нивниот идентитет во остварувањето на правото за независен живот преку целосно нивно активно учество во сите аспекти на општеството, а се клучни за остварување на правото на спорт, односно обезбедување спорт за сите.

Членот 30 став 5 посочува на потребата од покренување серија инклузивни практики за да се обезбеди учество на лицата со попреченост во физичка активност и спорт, од редовни активности, до активности специфични за лицата со попреченост. Во таа линија се бара од државите (член 30.5.а) да го охрабрат, поттикнат и да го промовираат учеството на лицата со попреченост во главните спортски активности на сите спортски нивоа низ интерсекциски леќи. Дополнително, лицата со попреченост имаат право да учествуваат и во спорт со лица без попреченост, кога тоа е негов или нејзин избор. Под „редовни спортски активности" се подразбира дека во сите редовни спортски дициплини лицето со попреченост има право да учествува, кои од друга страна мора да бидат пристапни и да нудат еднаков квалитет за лицата со и без попреченост. КПЛП, од друга страна, исто така дава поддршка на постоечката пракса на специфичните спортови за лицата со попреченост која е организирана преку Параолимпијадата и Специјалната олимпијада.

Комитетот за правата на лицата со попреченост сè уште нема развиено упатство за решавање на дилемите по основ на учеството на лицата со попреченост во главните спортови за лицата без попреченост и специфичните спортови наменети за лицата со попреченост. Одредени истражувања посочуваат дека „Параолимписките игри се засновани на нивоа на категоризации кои излегуваат од опсегот на моделот за човековите права и инклузивната еднаквост".[32]

Државите треба да обезбедат комплетно пристапна средина до и во спортските места, центри и клубови и комплетно пристапни спортски услуги кои се обезбедуваат како од јавните, така и од приватните субјекти. Дополнително, сите субјекти треба да обезбедат примена на соодветното приспособување.

[30] Конвенција за правата на лицата со попреченост, ООН, 2006 година https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-rights-persons-disabilities

[31] КПЛП не создава нови права, таа само ја дообјаснува применливоста на веќе постоечкото право за правата на човекот во специфичниот контекст на попреченоста.

[32] Анализа: Спортски натпревари специфични за попреченост и КПЛП: Сегрегацијата како вклучување

Членот 30 (5(г)) бара да се осигура дека децата со попреченост имаат еднаков пристап со другите деца до учество во игра, рекреација и слободно време и спортски активности, вклучувајќи ги и оние активности во училишниот систем.[33]

Државите треба да имаат стратегија за подигање на свеста за ангажирање на лицата со попреченост во спортот. Треба да има обука за управните одбори на спортските клубови и спортистите без попреченост. Но исто така треба да има и да се спроведуваат обуки и за лицата со попреченост дека имаат право на избор при нивното професионално занимавање со спортот кое може да го обезбедат во спортските клубови или во спортовите специфични за лицата со попреченост. Дополнително и Високиот комесаријат за човековите права на ООН (A/HRC/43/27) во Извештајот за подгнување на јавната свест по основ член 8 од КПЛП посочува дека државите треба да ги охрабрат медиумите правилно да ги прикажуваат лицата со попреченост согласно моделот за човековите права од КПЛП[34].

На меѓународно ниво постојат многу малку истражувања кои прават пресек на родот и попреченост во спортот. Според едно од истражувањата во оваа област, „Родова еднаквост во спортот за попреченост",[35] е посочено дека „искуствата околу спортот и лицата со попреченост доминантно се детерминирани од аблеизмот, мажественоста и хетеронормативноста". Покрај аблеизмот, и влијанието на културните и општествените норми имаат големо влијание во креирањето на перцепцијата за учеството на лицата со попреченост во спортот.

## 1.4. Позитивна практика од Европската Унија и/или регионален контекст

Постојат повеќе добри практики коишто се однесуваат на креирање повеќе можности и поголема родова застапеност на жените на позиции на одлучување при спортските организации. Некои од добрите практики се однесуваат на елиминирање на структурните бариери, па оттаму истите вклучуваат иницијативи кои се однесуваат на мандатни ограничувања, на подобрени процедури за избор и номинација на комитети и работни тела, на подобрување на процесот на вработување и друго. Другите добри практики се однесуваат на подготовка на новата генерација на лидерки и овозможување пристап до специјално креирани обуки за лидерство и добро управување, како и иницијативи во контекст на елиминација на родови стереотипи и културолошки бариери.

Преку документирање добри практики, спортските организации, како и државните институции задолжени за развој на спортот, имаат можност да научат од други искуства. Подолу се наведени неколку добри практики кои можат да бидат апликативни и во контекстот во Северна Македонија.

**Добра практика 1:** Државно финансирање на национални спортски федерации со родова застапеност

Спортските федерации на Шпанија мораат да исполнуваат барем минимална застапеност на жени во нивните управни одбори за да добијат јавни средства од Високиот совет за спорт.

[33] Committee on the Rights of the Child, general comment No. 17 (2013), paras. 24, 42 and 50.

[34] Подигање на свеста според член 8 на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост / A/HRC/43/27 Извештај на Канцеларијата на Високиот комесаријат за човековите права на Обединетите нации, 2019, став 75.

[35] Culver, Д. и Shaikh, М. (2020). Родова еднаквост во спортот за попреченост: брз преглед на обемот на литературата. Истражувачки центар за родова еднаквост во спортот при Универзитетот во Торонто.

Квотата беше воведена за прв пат во 2014 година, во повикот за јавни субвенции во рамките на програмата „Жени и спорт", кога барањето беше да има присуство на три жени во управниот одбор или слично тело, или 33% женска застапеност во него. Оттогаш, барањето се прошири на сите повици за јавни субвенции од Високиот совет за спорт. Во 2019 година барањето се зголеми на четири жени во управниот одбор или слично тело, или 40% женска застапеност во него. Целта на оваа практика е да се зголеми присуството на жени во управните одбори на шпанските спортски федерации. На основа на оваа мерка, сите национални федерации го постигнаа ова барање што доведе до 230 жени во управните одбори на шпанските федерации. Еден од главните предизвици кога оваа мерка беше воспоставена е дека повеќето федерации немаа потребно присуство на жени во управните одбори и мораа да ги приспособат своите структури за да можат да учествуваат на повиците за јавни субвенции.

**Добра практика 2:** Родова застапеност на позиции на одлучување

Во 2021 година Меѓународната федерација за биатлон ја подготви Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026[36] со цел да промовира родова еднаквост во организацијата и во активностите на нејзините членки федерации - на сите нивоа. Крајната цел на оваа стратегија е да постигне подобро владеење, родова сензитивност, како и еднаква и разновидна застапеност во процесот на донесување одлуки. Според тоа, Стратегијата за родова еднаквост на оваа федерација 2021-2026 вклучува низа поставени цели за секој домен, а во доменот на „управување" побарано е да се исполни квотата од минимум 30% застапеност на мажи и жени при комитети и работни групи на Федерацијата до 2022 година, како и минимум 30% застапеност на еден род во извршниот и во техничкиот одбор до 2026 година.

**Добра практика 3:** Родителско отсуство

Рагби унијата во Англија и Асоцијацијата на рагби играчи воведоа „Политика за породилно, родителско и посвојувачко отсуство"[37] за договорените играчи во женскиот рагби тим на Англија. Целта на политиката е да развие насоки за помош на спортистките за време на бременоста и да создаде пријателска атмосфера за договорените играчи по раѓањето на нивните деца. Политиката исто така нуди можности за спортистките кои заминуваат на породилно отсуство (26 недели со целосна плата) да преминат на други безбедни работни места во рамките на рагби-мрежата, како што е тренер, до моментот кога играчот ќе замине на породилно отсуство. Ако за договорите се преговара или се продолжуваат во кое било време кога играчот е бремена или на породилно отсуство, тие ќе бидат вклучени во сите разговори и ќе го продолжат договорот за најмалку 12 месеци.

На овој начин се овозможува секој играч кој се враќа во тимот по породилното отсуство да е и избран да учествува во програмата во рок од 12 месеци по раѓањето или посвојувањето на детето и кој треба да патува за тренинг-кампови, може да го донесе своето дете заедно со личност за поддршка која ќе помогне со грижата и надзорот на детето.

[36] Меѓународна биатлон федерација, Стратегија за родовата еднаквост 2021-2026. Преземена од https://assets.ctfassets.net/cz0vl36hcq0x/HAeN2FAcUiOulFihHBA/4a98b4f3772404f662eea9ac8a90eb27/IBU_GE_Strategy_2021.2024.pdf

[37] Рагби унија, Политика за породилно, родителско и посвојувачко отсуство. Достапно на: https://www.englandrugby.com/news/article/new-maternity-pregnant-parent-adoption-leave-policy-for-england-women-players

## 1.5. Национална нормативна рамка и стандарди

Сите меѓународни документи поврзани со родовата еднаквост, вклучувајќи ја и КПЛП, се ратификувани од РСМ, со што се сметаат за дел од домашното право и стојат повисоко од законите во домашната правна хиерархија. Што се однесува до националното законодавство, постојат повеќе прописи кои од една страна го уредуваат остварувањето на правото на спорт, но и прописи кои се однесуваат непосредно или посредно на заштитата од дискриминација и прописи со кои се обезбедува родовата еднаквост. Овие законски решенија и рамката за применети политики поединечно го разработуваат концептот на еднаквост и недискриминација, родот и полот, без да навлезат посуштински во нивната интерсекционалност, и покрај обврските од КПЛП.

### 1.5.1. Национална нормативна рамка во областа на спортот

Со Законот за спорт[38] се уредуваат условите и начинот на вршењето на дејноста спорт заради остварување на јавниот интерес во спортот во надлежност на РСМ, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, стопанисувањето со објектите за спорт во сопственост на РСМ, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и други прашања од значење за спортот. Законот го дефинира спортот како дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните.

И покрај долгогодишната дискусија за потребата од донесување нов закон за спорт, во текот на изминатите години законот беше подложен на бројни измени кои доведоа до обременување на самиот текст на законот. Притоа, измените не придонесоа за негово хармонизирање со националната, но и со меѓународната регулатива, која е од особена значајност во погледот на заштита на спортистките и спортистите од дискриминација и насилство.

Една од последните измени на законот во 2024 година беа во делот на ваучер-системот, односно распределбата на сума во износ од 10 милиони евра, преку кои државата го поддржува македонскиот спорт на годишно ниво. Измените се однесуваат на обезбедување финансиски поттикнувања по основ на директна државна помош за националните спортски федерации, спортските клубови, активните спортисти од олимписките и неолимписките спортови и други правни субјекти кои имаат решение за вршење на дејноста спорт, подигнување на спортот на повисоко ниво во нашата земја и остварување подобри резултати како во домашни рамки, така и на меѓународно ниво.[39]

[38] Закон за спорт (Редакциски пречистен текст), „Службен весник на РМ" бр. 29/02 , Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 66/04, Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 196/2004, објавена во „Службен весник на РМ" бр. 83/05, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 81/08, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 18/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 51/11, Автентично толкување на членовите 16, 17, 18 и 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот „Службен весник на РМ" бр. 18/11, објавено во „Службен весник на РМ" бр. 174/11, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 64/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот објавен во „Службен весник на РМ" бр. 148/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 187/13, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 42/14, Законот за дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 138/14, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 177/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 72/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 153/15, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 06/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 55/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 61/16, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 106/16 , Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 190/16, Автентично толкување на членот 9 став (6) од Законот за спортот, објавено во „Службен весник на РСМ" бр. 52/19, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ" бр. 98/19 и Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ" бр. 244/19.

[39] Достапно на: https://novamakedonija.com.mk/sport/sportovi/izglasan-noviot-zakon-za-sport/

Средствата во рамките на ваучер-системот се доделуваат во согласност со **Правилникот за критериумите за користење средства од даночно ослободување**[40] и висината на ваучерите е различна и се категоризира во образецот во кој се опфатени критеируми како што се постигнати резултати, бројност на ангажирани лица, присуство во медиумите итн. Меѓутоа, досегашните анализи укажуваат на тоа дека нема родово интерсекциски разделени податоци за распределбата на средствата преку ваучер-системот, поради тоа што одредбите од Законот за спорт не предвидуваат распределба на одреден процент од финансиските средства на женски и на машки спортски клубови, или спортистки и спортисти, додека Агенција за млади и спорт (во понатамошен текст: АМС) нема обврска да води таков вид интерсекциска евиденција.[41]

Дополнително, образецот за барање средства од даночно ослободување по Законот за данок на добивка од спортски клубови е делумно родово сензитивен, особено во однос на јазикот. Сепак, условите кои мора да ги исполнат спортските клубови за да освојат што повеќе бодови за рангирање на листата за ваучери не се во корист на жените спортистки. Еден од критериумите, на пример, се однесува на медиумската застапеност, што ги става жените и женските спортски клубови во значително потешка позиција во однос на машките, имајќи предвид дека медиумската покриеност на женскиот спорт е многу пониска. Дополнително, бодовите кои се доделуваат според различните рангирања и пласмани може да ја намалат можноста за финансиска поддршка на жените спортистки и женските спортски клубови, имајќи предвид дека недостатокот на финансиска поддршка директно влијае на условите за тренинг, натпреварување и на нивните перформанси, што пак ги оневозможува да се пласираат на повисоки нивоа и категории.

Од аспект на примената на принципите на еднаквост и недискриминација, особено во поглед на родот и попреченоста, Законот за спорт не е хармонизиран ниту со меѓународната, ниту со националната регулатива за спречување и заштита од дискриминација. Наедно, законот не е родово сензитивен, ниту сензитивен за попреченост, со што целосно се занемарени специфичните потреби на жените и девојчињата спортистки и спортистките со попреченост како за нивно занимавање со спорт, така и за понатамошно напредување.

Законот за спорт предвидува неколку категории спортисти кои претставуваат основа за финансиска поддршка на спортистките и спортиститите во занимавањето со спорт.

Категоризираните спортисти имаат право на материјален надоместок, во вид на паричен надоместок, надомест за изгубена плата и осигурување од последици од несреќен случај, како и други видови награди, кои можат да ги користат ограничен период. Притоа, во член 43 законот предвидува на категоризираниот спортист кој заради повреда стекната на тренинг или натпревар, породилно отсуство или болничко лекување, бил принуден да го прекине спортскиот тренинг или натпреварите во земјата или во странство, да му следува материјален надоместок најмногу во траење од една година од денот на прекинот.

Спортистите до 20 години можат да се стекнат со спортска категорија - спортист спортска надеж, врз основа на постигнати резултати во одреден временски период, односно остварен резултат во индивидуални спортови и врз основа на подготвена ранг-листа на најуспешни млади спортисти до 20 години од соодветниот спорт од страна на националните спортски

[40] Правилник за поблиските квалитативни и квантитативни критериуми за користње на средства од даночно ослободување, начинот на бодување и рангирање, како и формата и содржината на барањето за користење средства од даночно ослободување и на листите на национални спортски федерации, спортски клубови, активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт, Службен весник на РСМ, бр. 5/2022.

[41] UN Women. (2022). Родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија. Достапно на: https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2022/11/gender-equality-in-sport-in-north-macedonia?fbclid=IwY2xjawF916ZleHRuA2FlbQIxMAABHbRp6AVmZXmbLjxsV629KJjSG3rmrEw3ST41RH8jFm7roTnfrpSGdveryQ_aem_BPl46lmGXcN89Q0F_sdAaQ

федерации, како и учество во репрезентациите до 20 години, во екипните спортови и врз основа на подготвена ранг-листа од страна на федерациите.[42]

Постапката за избор на спортисти кои ќе се стекнат со оваа категорија се врши врз основа на доставена ранг-листа за најуспешните млади спортисти/ки, од страна на националните спортски федерации, врз основа на која АМС носи одлука за бројот на стипендии во соодветниот спорт кои ги доделува редоследно согласно доставените ранг-листи на федерациите. Според досегашните податоци, во периодот од 2008 до 2021 година, 4.405 стипендии им биле доделени на машки спортисти, а само 2.386 на жени спортистки, што е речиси двојно повеќе.[43]

Национално спортско признание се доделува за врвно спортско остварување на спортистите, при што на спортистот кој стекнал национално спортско признание му се доделува месечен паричен надоместок во висина од половина до една и пол просечна месечна плата исплатена во Северна Македонија во претходната година. Според јавно достапните информации на АМС, само 5 жени (11,6%) се стекнале со национално спортско признание, наспроти 38 мажи.[44]

За остварување на јавниот интерес во дејноста спорт, Владата донесува годишна програма, како и петгодишна **Програма за развој на спортот**, во чија подготовка учествува и Олимпискиот комитет на Северна Македонија и Советот за спорт. Притоа, Советот за спорт наедно дава и мислење за критериумите за распределба на средствата, мерилата и другите акти што ги донесува функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

### 1.5.2. Нормативна рамка во областа на родовата еднаквост

Генерално, националната нормативна рамка која директно ја регулира сферата на спортот не е сензитивна на различност, поточно на род и попреченост, ниту ги препознава сите форми на дискриминација, на различни основи, што укажува и на недоволната заштита на жените во оваа сфера.

Меѓутоа, и покрај тоа што законската рамка, пред сè Законот за спорт, не предвидува заштита на жените спортистки во однос на различни видови дискриминација, базирана на пол и род, како и родов идентитет и сексуална ориентација, ниту попреченост, значајно е да се напомене дека општата национална правна рамка е применлива во случаите на дискриминација и нееднаквост во спортот, па така Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за еднакви можности на жените и на мажите се однесуваат, односно ги заштитуваат спортистките од сите форми на дискриминација и нееднаков третман.

**Законот за еднакви можности на жените и на мажите** (во понатамошниот текст: ЗЕМЖМ), кој за првпат беше донесен во 2006 година, претставува основна правна рамка за уредување на прашањата поврзани со родовата еднаквост, со кој се уредува воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и на мажите, основните и посебните мерки за воспоставување еднакви можности на жените и на мажите, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување еднакви можности на жените и на мажите, постапката за

[42] Уредба за условите, критериумите и начинот на доделување на категорија спортист – спортска надеж, Службен весник на РСМ, бр. 127/2008.

[43] UN Women. (2022). Родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија. Достапно на: https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2022/11/gender-equality-in-sport-in-north-macedonia?fbclid=IwY2xjawF916ZleHRuA2FlbQIxMAABHbRp6AVmZXmbLjxsV629KJjSG3rmrEw3ST41RH8jFm7roTnfrpSGdveryQ_aem_BPl46lmGXcN89Q0F_sdAaQ

[44] Достапно на: https://ams.gov.mk/public-call/naczionalnoto-sportsko-priznanie

утврдување нееднаков третман на жените и на мажите.[45] Притоа, законот ги уредува прашањата од интерес за еднаквите можности на жените и на мажите од различни области од општественото живеење, вклучително и културата и спортот.

Во 2012 е донесен нов ЗЕМЖМ, кој го вклучува и родот (како и полот) како една од основите за дискриминација, во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација кој за првпат беше донесен во 2010 година. ЗЕМЖМ изрично забранува дискриминација, вознемирување и сексуално вознемирување врз основа на полот во јавниот и во приватниот сектор во областите на вработувањето и трудот, образованието, науката и спортот и други области, како и дискриминација по основ на пол во пристапот до добрата и услугите во јавниот и во приватниот сектор. Законот предвидува и основни и посебни мерки за воспоставување еднакви можности, притоа наведувајќи дека различниот третман којшто ги промовира еднаквите можности на жените и на мажите во согласност со целите на овој и на друг закон не се смета за дискриминација. Меѓутоа, важно е да се напомене дека ЗЕМЖМ отстапува од обврските од КПЛП во кој комплетно е изоставена попреченоста, а во истиот не се предвидуваат ни одредени одредби со кои ќе се препознаат, спречат и заштитат правата на жените и на мажите со попреченост.

Во 2013 година беше донесена првата Стратегија за родова еднаквост 2013-2019, врз основа на членот 9 став 3 од Законот за еднакви можности на жените и на мажите, додека во 2022 година беше донесена актуелната Стратегија за периодот 2022-2027.[46] Стратегијата претставува основен стратешки документ на Северна Македонија со кој се воспоставува сеопфатна рамка со активности за унапредување на родовата еднаквост и на статусот на жените, во согласност со ЗЕМЖМ, во посебните области на општествениот живот, при што унапредување на родовата еднаквост во спортот се третира како посебна специфична цел. Во таа насока, главен стратешки приоритет во полето на спортот е зголемувањето на бројот на жени на раководните позиции во различните спортски структури, како и промоцијата на спортот и овозможувањето услови за девојчињата и за девојките да се занимаваат со спорт, а потоа и како жени да останат во спортската струка. За таа цел, во Стратегијата е наведена потребата од финансиска поддршка на женските клубови, уривање на стереотипот дека спортот е „машки“ домен, ангажирање поголем број жени тренери, како и воспоставување мерки за борба против насилството и сексизмот во спортот. Наедно, наведена е и важноста на интеграцијата на родовата перспектива и при градењето спортски објекти, кои треба да бидат приспособени, безбедни, осветлени, опремени за да се овозможи нивно користење од страна на девојчињата и на жените.

Според член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: ЗСЗД), неговата примена се однесува на сите физички и правни лица, како и на државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања, во областа на образованието, науката и спортот и предвидува и обврска за преземање мерки или дејства за промоција и унапредување на еднаквоста и заштита од дискриминација.[47] Законот ја дефинира дискриминацијата како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација, вклучително и оневозможување соодветно приспособување и оневозможување пристапност и достапност на инфраструктурата,

[45] Закон за еднакви можности на жените и на мажите (пречистен текст), Службен весник на РСМ, бр. 201/2015.

[46] Стратегија за родова еднаквост 2022-2027, Службен весник на РСМ, бр. 170/2022.

[47] Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ, бр. 258/2020.

добрата и услугите. Притоа, во рамките на дискриминатроските основи, меѓу другите основи, наведена е и забраната за дискриминација по основ пол, род, родов идентитет и попреченост.

Во поглед на попреченоста, ЗСЗД ги дефинира лицата со попреченост како лица кои имаат долготрајна физичка, интелектуална, ментална или сензорна оневозможеност, што во интеракција со различните општествени бариери може да го спречи нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите. Наедно законот го дефинира и принципот на соодветно приспособување како неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите, притоа наведувајќи дека оневозможувањето соодветно приспособување претставува дискриминација.

Примената на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (во понатамошниот текст: ЗСЗНЖСН), кој беше донесен во 2021 година, ги дефинира различните форми на насилство, вклучително и родово базираното насилство како насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погодува, при што родово базираното насилство врз жените ги опфаќа причините и резултатот од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите како резултат на општествен, а не индивидуален проблем.[48] Според Законот, родово базираното насилство врз жените претставува дискриминација врз жените што ги ограничува да ги уживаат правата и слободите на еднаква основа со мажите. Дополнително, во член 26 од законот се наведува дека правните лица кои вршат јавни овластувања преземаат мерки и дејства за промоција на општествени и културни вредности на однесување кои се засноваат врз еднаквост на жените и на мажите и елиминирање на стереотипите за родовите улоги и спречување на родово базирано насилство врз жените на работното место согласно со закон. Овој закон, од друга страна, не е доусогласен со КПЛП.

### 1.5.3. Еднаквост по основ на род и попреченост во ОКСМ и МПК

Олимпискиот комитет на Северна Македонија (во понатамошниот текст: ОКСМ) е највисока олимписка и спортска невладина и неполитичка организација – здружение на граѓаните во кое конститутивни членки се националните спортски федерации од олимписките спортови. ОКСМ е олимписко и спортско здружение во кое може да се зачленуваат националните спортски федерации од Северна Македонија, од олимписките и од неолимписките спортови. Во **Статутот на Олимпискиот комитет**, меѓу основните цели и задачи на ОКСМ е и да иницира и да учествува во активности за промоција на половата рамноправност во спортот во активности кои даваат целосен придонес во развојот на еднаквото учество на жената во спортот, како и да презема мерки против секакви форми на дискриминација и насилство во спортот.[49]

Националните спортски федерации - членки на ОКСМ се стекнуваат со можност за финансирање на нивните олимписки планови и програми за промоција на врвните спортски резултати на олимписките кандидати од соодветниот спорт, како и со правото да предлагат членови на комисии, програми, мерки и активности со цел успешно реализирање на олимписката мисија, исполнување на целите и остварување на надлежностите на ОКСМ. Членовите на ОКСМ мора да исполнуваат одредени услови за да го воспостават и одржуваат членството, меѓу кои и во своето дејствување да постапуваат во согласност со позитивната правна регулатива на Северна Македонија, при што секоја национална спортска федерација мора да го почитува и да го прифати Статутот на ОКСМ, како и Олимписката повелба на МОК.

[48] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник на РСМ, бр. 24/2021.

[49] Статут на Олимпискиот комитет на Северна Македонија. (2021). Олимписки комитет на Северна Македонија.

ОКСМ го сочинуваат неколку органи. Собранието, како највисок орган кој носи одлуки во ОКСМ, вклучително избирање претседател на ОКСМ, донесување статут и буџет, усвојување годишен и финансиски извештај итн. Управниот одбор (во понатамошниот текст: УО) е извршен орган на ОКСМ и кој за својата работа му одговара на Собранието. УО го избира и разрешува спортскиот директор и членовите на Спортскиот директориум, како и генералниот секретар на ОКСМ. Управниот одбор го сочинуваат претседателот на Олимпискиот комитет, кој е претседател на УО, четири потпретседатели на ОКСМ, претседатели на национални спортски федерации и други истакнати лица од спортот и приватниот и јавниот сектор, избрани од страна на Собранието на предлог на претседателот на Олимпискиот комитет, при што УО е единствен орган во рамките на ОКСМ кој за својот состав предвидува родова квота од 30% од кој и да е пол.

Анализата на родовата застапеност и застапеноста на лицата со попреченост во телата на ОКСМ, прикажана во табела број 1, укажува на сериозно ниското ниво на вклученост на жени и лица со попреченост во овие структури. Застапеноста на жените е највисока во Управниот одбор и во стручните комисии со по 25%, додека во Собранието жените се застапени со 19%. Во однос на членовите на Собранието, важно е да се напомене дека најголемиот дел од членството потекнува од националните спортски федерации, па така и родовата застапеност во структурата на Собранието зависи од изборот на делегатите кои ги претставуваат овие федерации. Во Надзорниот одбор, како и на позициите претседател/ка на Собранието и УО, генерален/а секретар/ка и спортски директор/ка, нема ниту една жена. Лицата со попреченост воопшто не се вклучени во ниту едно од телата на ОКСМ.

**Табела број 1.** Преглед на застапеноста на основа на родот и попреченоста

| Олимписки комитет на Северна Македонија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тела** | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** | **Лица со попреченост** |
| Претседател/ка на Собранието и УО | 1 | 1 | / | / |
| Генерален/а секретар/ка | 1 | 1 | / | / |
| Спортски/а директор/ка | 1 | 1 | / | / |
| Собрание | 62 | 52 | 10 | / |
| Управен одбор | 25 | 20 | 5 | / |
| Надзорен одбор | 3 | 3 | / | / |
| Стручни комисиии | 74 | 59 | 15 | / |

Според последниот Извештај за работата на Комисијата за родова еднаквост при Олимписки комитет на Северна Македонија[50] за 2023 година, Комисијата дала поддршка на неколку активности и настани со цел промоција на родовата еднаквост и принципот на еднакви можности за сите, вклучително и за изработка на првата анализа за „Родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија“.[51] Меѓутоа, она што претставува особено значаен исход од

[50] Извештај за работата на Комисијата за родова еднаквост при Олимписки комитет на Северна Македонија. (2023). Олимписки комитет на Северна Македонија.

[51] UN Women. (2022). Родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија. Достапно на: https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2022/11/gender-equality-in-sport-in-north-macedonia?fbclid=IwY2xjawF916ZleHRuA2FlbQIxMAABHbRp6AVmZXmbLjxsV629KJjSG3rmrEw3ST41RH8jFm7roTnfrpSGdveryQ_aem_BPl46lmGXcN89Q0F_sdAaQ.

работата на оваа комисија е донесувањето на првиот **Акциски план за родова застапеност на жените на раководните позиции при Олимпискиот комитет 2023-2028**, чија цел е да се унапреди родовата еднаквост во спортското лидерство низ земјата, преку зајакнување на женската застапеност на позиции за одлучување и воспоставување патека жените да станат лидерки преку иницијативи за образование, обука и менторство, а со намера да даде пример кој сите национални федерации ќе го следат. Акцискиот план се состои од пет главни цели кои се пропратени со соодветни стратегии и чекори за нивно остварување. Главните цели опфаќаат зголемување на бројот на жени во организацискиот управен одбор и комисиите, бројот на предложени жени за делегати од страна на федерациите, застапување за промени, создавање база на квалификувани женски лидери и дизајнирање програми за лидерство за жени, родово сензитивизирање на политиките на регрутација на Олимпискиот комитет, како и мониторинг и известување за родовата еднаквост во спортот.

Спортскиот директориум, кој е поставен од спортски директор и шест членови кои ги предлага претседателот на Олимпискиот комитет до УО, е одговорен за предлагање критериуми и норми за учество на спортистите на меѓународните спортски манифестации за кои Олимпискиот комитет има надлежност и предлага листа на олимписки стипендисти до УО. Во последниот циклус на олимписките стипендии за подготовка и учество на Летните олимписки игри во Париз 2024 година, Олимпискиот комитет им додели стипендии на шест машки спортисти и една женска спортистка.

**Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет** (во понатамошниот текст: МПК) како спортска, доброволна, општествено-хуманитарна организација постои од 1965 година. Федерацијата има за цел е да ги развива, креира, обединува и репрезентира спортско-рекреативните активности на сите инвалидизирани лица на територијата на РСМ, без оглед на состојбата, степенот и карактерот на попреченоста, како и причините за настанување на попреченоста.

Статутот на МПК нема одредби по основ на приниципте за еднаквост и недискриминација, нити пак иситите содржат мерки за родовата еднаквост. Според информациите добиени од МПК, „статутот е во постапка на ревизија и се очекува оваа година да имаат нов статут". Во МПК нема посебни правилници за заштита од насилство, нити пак програми за унапредување на родовата еднаквост.

Според организациската структура, Собранието на МПК брои 24 претставници, од кои 9 члена во извршниот одбор и 3 члена во надзорниот одбор. Планирањето, организирањето и одржувањето на првенствата, разгледувањето на правилата и пропозициите по одделни спортови и категории на попреченост се во надлежност на Стручната комисија која има 5 члена. Од доставените информации за вклученоста и застапеноста на жените со попреченост во МПК може да се согледа дека нема соодветна родова застапеност во поглед на жените со попреченост. Од вкупниот број (43) претставници во структурите на МПК, само 4 се жени со попреченост, што не претставува ни 10% (табела број 2).  Додека во структурите на општинските сојузи за спорт и рекреација во 17 општини, дисперзирани во три региони, од вкупниот број претставници (32) само 11 се жени, од кои три (3) се жени со попреченост на функцијата претседател, додека на функцијата секретар од вкупно 16 лица, 9 се жени со и без попреченост (табела број 3).

**Табела број 2.** Преглед на застапеноста по основа на родот и попреченоста

| НФСРИСМ – МПК | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тела** | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** | **Лица со попреченост** |
| Претседател/ка на Собранието и УО | 1 | 1 | | 1 |
| Секретар/ка | 1 | 1 | | 1 |
| Собрание | 24 | 22 | 2 | 24 |
| Извршен одбор | 9 | 8 | 1 | 9 |
| Надозрен одбор | 3 | 2 | 1 | 3 |
| Стручна Комисија | 5 | 5 | | 5 |

**Табела број 3.** Преглед на застапеноста по основа на родот и попреченоста според оштински сојузи

| Сојузи за спорт и рекреација на инвалидите во вкупно 17 општини | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тела** | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** | **Лица со попреченост** |
| Претседател/ка на сојузи | 16 | 13 | 3 | 16 |
| Секретар/ка | 16 | 7 | 9 | 7 |

Во поглед на учеството на меѓународните параолимписки игри, од 2000 до 2024 година, МПК учествувал само со тројца учесници во дициплината стрелаштво со физичка попреченост, од кои една била жена со попреченост, и покрај тоа што на меѓународно ниво има 28 параолимписки спортови одобрени од Меѓународниот параолиписки комитет, од кои 22 се летни[52] и шест (6) зимски спортски дициплини.

Според информациите од програмите на МПК, досега на ниедни игри РСМ не е претставена во друга дисциплина, освен во стрелаштво.

Ако ја погледнеме поставеноста на активностите на програмата со која се поддржува МПК од страна државата преку Законот за игрите на среќа и за забавните игри,[53] може да се согледа дека овие средства во основа се насочени повеќе кон институционална поддршка на МПК, отколку кон промоција, унапредување и развивање на спорстките права и воведување нови спортски дисциплини за заедницата со попреченост.

Програмските содржини се исти секоја година, со исклучок во 2024 година каде за првпат се споменува Параолимпијадата и спортските дициплини како пинг-понг, атлетика и стрелаштво. Програмата е родово слепа. Освен стрелаштвото како спортска дициплина, во изминативе години не се направени напори за развивање на други дисциплини.

[52] На меѓународно ниво има 28 параолимписки спортови одобрени од Меѓународниот параолиписки комитет, и тоа 22 летни параолимписки спортски дисциплини: стрелаштво, пливање, атлетика, пинг-понг, бадминтон, таеквондо, фудбал за слепи, триатлон, бочање, кошарка со количка,
кану, мечување во количка, велосипедизам, рагби со количка, коњички спортови, тенис во количка, голбол, стрелаштво, џудо, веслање, кревање тегови, седечка одбојка, и 6 зимски параолимписки спортски дисциплини: алпско скијање, хокеј на мраз, биатлон, сноуборд, крос-кантри скијање, карлинг во количка.

[53] Закон за игрите на среќа и за забавните игри.

Во 2024 година започна да се развива спортот кошарка во количка во кој се вклучени само мажи со попреченост. И покрај тоа што овој спорт започна во 2024 година, истиот од самиот зародиш е поврзан со голем број предизвици, како со организациската структура во МПК, така и со обезбедување средства и помагала за ефикасно тренирање и промовирање на овој спорт.

Поддршката која се обезбедува за МПК преку Законот за игрите на среќа и за забавните игри[54] за 2024 година изнесува 4.265.000,00 денари,[55] што е за 13% поголема од поддршката во износ од 3.450.000,00 денари обезбедена во 2023[56] и во 2022[57] година.

Врз основа на информациите од МПК, не се прави родово буџетирање, ниту буџетирање по основ на попреченост, и покрај обврските од КПЛП.

### 1.5.4. Позитивна практика на национално ниво

**Добра практика 1:** Утврдена дискриминација од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Во 2019 година, во име на два боречки клуба, Македонското здружение на младите правници поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, против Федерацијата на боречките спортови на Северна Македонија. Во образложението на претставката било наведено дека Федерацијата на боречките спортови, според статутот, има право да организира и одржува натпревари во борење во слободен стил и борење за жени, при што на државното првенство во борење - слободен стил, одржано во април истата година, женските борачки не биле третирани исто како и машките борачи. Комисијата во конкретниот случај процени дека без да се бара одговор, има основ за дискриминација во областа на родовите права. Притоа, Комисијата издаде општа препорака до Федерацијата на боречките спортови да го усогласи статутот и другите општи акти и одлуки со Законот за спречување и заштита од дискриминација на начин што нема да се прави разлика помеѓу родот, односно мажите и жените во организирањето натпревари.

Родовата дискриминација во случаите се однесуваше на рангирањето на резултатите од првенствата, составувањето на ранг-листите, давање предност на машки борачи за стипендии, како и тоа што женските борачки наместо медали, добиваат дипломи. Со препораката на Комисијата се потврди постоењето на дискриминаторските дејствија извршени од страна на Федерацијата, но и се повикаа сите федерации и спортски сојузи во земјава да ги усогласат статутите и другите општи акти и одлуки со ЗСЗД на начин што нема да се прави разлика помеѓу родот.

Според законот, Федерацијата има рок од 30 дена да го усогласи своето работење согласно со општата препорака. Во меѓувреме, заради непостапување беа поведени две постапки за дискриминација на женските борачки пред Основниот граѓански суд во Скопје.

54 Закон за игрите на среќа и за забавните игри.

55 Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игрите на среќа и од забавните игри во 2024 година „Службен весник на Република Северна Македонија". бр. 10-480/8 19 февруари 2024.

56 Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игрите на среќа и од забавните игри во 2023 година, „Службен весник" број 21 од 1 февруари 2023.

57 Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игрите на среќа и од забавните игри во 2022 година, „Службен весник" број ј 27 од 8 февруари 2022.

**Добра практика 2:** Прв лиценциран делегат со попреченост во количка на Кошаркарката федерација во Северна Македонија и во Европа

Еркан Ќаил е лице со попреченост во количка. Работи во приватен пензиски фонд, во секторот за маркетинг и поддршка на членството. Негов афинитет и тема на интерес се спортовите.

*„Судијата Игор Митровски од Кошаркарската федерација пред 5 години ме покани да се пријавам за делегат на Кошаркаската федерација. Поради попреченоста му посочив дека ќе ми треба поддршка за да влезам и да полагам. Со негова поддршка се пријавив и ги положив испитите и официјално од 2019 година влегов во листата на судии – делегати во* Македонија“, изјави Еркан Ќаил.

Според Еркан Ќаил, одлуката да стане делегат на кошаркарски натпревари, а не на друг спорт, е од објективни причини.

Тој кажаж: *„И да врне, и снег да паѓа,* јас сум во затворен простор. Тоа не може да го има на фудбалските натпревари. И во секојдневието. Како делегат се соочувам со проблеми поврзани со пристапноста. Голем дел од спортските сали, но и околината не е пристапна и достапна за лицата со попреченост, без разлика дали се во количка или не“.

Еркан планира во иднина да напредува како делегат во првата лига на Македонија, но не ја исклучува можноста да се пријави и за ФИБА делегат или судија.

*„Во почетокот ми беше многу тешко. Се учевме едни со други. Сега е полесно. Мојата заедница треба повеќе да се труди и да не се откажува. Секако тоа бара и нивен голем труд и ангажман и да не очекуваат дека одма ќе станат* нешто“, изјави Еркан Ќаил.



# 2. АНАЛИЗА НА НАОДИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1. Застапеност на жените на позиции на одлучување

Од спортските организации кои одговорија на анкетниот прашалник, само 4, односно 13,3% имаат за претседателки жени, додека во 5 (16,7%) од организациите на позицијата генерален секретар се наоѓа жена (графикони бр. 1 и бр. 2).

**Графикон бр. 1.** Пол на претседателот/ката на спортската национална федерација/комитет



**Графикон бр. 2.** Пол на генералниот секретар/ка на спортската национална федерација/комитет




Околу две третини (70%) од спортските организации одговориле дека имаат ограничувања на мандатот за позицијата претседател/ка, од кои во најголем дел максималниот број на мандати изнесува 2, додека должината на еден мандат е најчесто 4 години. Во однос на позицијата генерален секретар/ка, во помал број организации, односно во 10 (33,3%) има ограничувања на мандатот, кои најчесто вклучуваат најмногу 2 мандати со траење од по 4 години. Во ниту една од организациите не постои старосна граница за извршување на позицијата.

**Графикон бр. 3.** Родова застапеност на жени и мажи, со и без попреченост, на генералното собрание.



Во однос на родовата застапеност на членовите на генералното собрание на организациите може да се увиди значајно голема застапеност на мажите од 83%, од кои 10% се мажи со попреченост, наспроти само 17% жени, од кои 3% жени со попреченост (графикон бр. 3 ).

**Графикон бр. 4.** Родова застапеност на жени и мажи, со и без попреченост, во извршното тело на организацијата.




Кога станува збор за членовите во рамките на извршното тело на спортската организација, кое може да биде познато како извршен комитет, управен одбор или друго звање, родовата застапеност е повторно во корист на мажите кои се претставени со 77%, од кои 9% се мажи со попреченост, додека жените со 23%, од кои само 2% се жени со попреченост (графикон бр. 4).

Ограничувања на мандатот на членовите на извршното тело има во 11 (36,7%) организации, што во најголем дел од случаите се однесува на најмногу 2 мандати, додека должината на еден мандат е најчесто 4 години. Дополнително, во ниту една од организациите не постои старосна граница за позицијата.

Во само 2 организации членовите на извршното тело се бираат преку отворена регрутација, односно со јавен повик врз основа на квалификации и надлежности наместо да бидат именувани, додека во 6 делумно се бираат на овој начин. Јавните повици најчесто се споделувани на веб-страниците на организациите. Неколку спортски организации нагласија дека изборот се врши во рамките на собранието, на предлог на претседателот на федерацијата.

**Графикон бр. 5.** Регрутацијата на членовите на извршното тело се избираат преку отворена регрутација




Родовата дистрибуција кај лицата кои се вработени во организацијата со полно работно време укажува повторно на доминација на мажите, но и на значајно ниска застапеност на лицата со попреченост. Оттука, само 1% од вработените лица се мажи со попреченост и ниту една жена, наспроти мажите без попреченост кои сочинуваат 61% и жените со 38% (графикон бр. 6).

**Графикон бр. 6.** Вработени во организацијата



## 2.2. Политики на еднаквост

Во најголем дел од организациите (76,7%) родовата еднаквост е дел од стратегијата на организацијата. Родовата еднаквост е застапена во статутите на 8 организации (26,7%) и во деловниците на 6 организации (20%).

**Графикон бр. 7.** Родовата еднаквост како дел во правните документи на организацијата




Во најголем дел од организациите (48,1%) во кои родовата еднаквост е интегрален дел од политиките на организацијата, нејзиниот статус е само делумно спроведен, а во 14,8% сè уште не е спроведен (графикон бр. 8). Една од организаците навела дека има Правилник за родовата еднаквост.

**Графикон бр. 8.** Статус на спроведување на родовата еднаквост



Една од федерациите изјави дека и покрај тоа што ја поддржува родовата еднаквост, изборот на жени во телата зависи од бројот на жените кои локалните тела, односно клубовите членки на федерацијата ќе го пратат.

Во насока на подобрување на родовата еднаквост, федерацијата планира „*во измените на статутот во најскоро време да вметнеме клаузула за родова еднаквост, меѓутоа таа и сега не е ограничена или спречена. Хипотетички гледано, сите членови на собранието може да бидат жени, доколку добиеме таква листа*“.[58]

Што се однесува на политиките поврзани со попреченоста, во половина од организациите (53,3%) е посочено дека тие се интегрален дел од политиките на организацијата, од кои во половина се само делумно спроведенни, додека во 31,3% сè уште не се спроведени (графикони бр. 9 и бр. 10).

**Графикон бр. 9.** Дали попреченоста е интегрален дел од политиките на организацијата




**Графикон бр. 10.** Статусот на спроведување на попреченоста




58 Изјава од анкетниот прашалник.

Само 4 организации (13,3%) одговориле дека имаат воспоставено родови квоти, во статутот на организацијата кои се однесуваат на извршниот одбор и/или позициите на одлучување. Нешто помалку, односно 3 организации (10%) имаат квоти за вклучување лица со попреченост (графикон бр. 11).

**Графикон бр. 11.** Воспоставени т.н. родови квоти и квоти за вклучување на различностите (попреченост) во статутот на организацијата




Една од 24-те организации кои немаат воспоставено квоти изјави дека смета дека со квотите се наметнува неквалитет и дека *„потребно е да се работи на постигнување квалитетен стручен кадар кој ќе си го заземе своето место во организацијата, органите и телата. За таа цел поттикнуваме стручно оспособување во поглед на судиски и тренерски кадар“.*[59] Дополнително, една од федерациите смета дека само лицата со телесна попреченост можат да бидат учесници во натпревари, односно дека за лицата со интелектуална попреченост не постојат натпревари ниту на светско ниво заради големиот ризик. Истата организација изјави дека вклучува лица со попреченост како волонтери на настани.

Меѓутоа, кај дел од интервјуираните експертки постои свеста за потребата од поконкретни мерки во насока на поголемо учество на жените во спортот, вклучително и преку воведување родови квоти.

*„Потребно е да се воведат квоти преку Законот за спорт, инаку нема да се случи промена и во наредни илјада години. Мора да почнеме од некаде“.*[60]

Некои од експертките сметаат дека родовата перспектива во спортот веќе ја има, но проблемот е што *„сè е само на хартија“*. *„Мора да се ревидираат стратегиите, законите, политиките, треба да се предвидат соодветни мерки и казни за непочитување. Нема статистички податоци за жените во спортот, па немаме политики засновани на докази, но и* спроведувањето е непостоечко. *Исто така, проблематично е што Законот за спорт се прави зад затворена* врата“.[61]

Позитивно е што некои од федерациите наведоа дека *„настојуваме да работиме на полето родова еднаквост, во однос на организацијата на бројот на настани за мажи и за жени, вклучување тренери во работата на федерацијата со родова еднаквост (онолку колку што*

[59] Изјава од анкетниот прашалник.
[60] Изјава од експертско интервју.
[61] Изјава од експертско интервју.

*дозволува расположливиот број), како и едукација на судии жени, со цел изедначување на вклученоста на жените во спортската организација“.*[62]

Испитаниците/чките со попреченост посочуваат, од друга страна, дека МПК *„никогаш не организирал обуки за родовата еднаквост за попреченост, недискриминација на вработените и за членовите“.*[63] Дополнително, испитаничките посочија дека на ниво на МПК *„не постои механизам, процедура за обезбедување соодветно прилагодување“.*

Анализата покажува дека иако многу организации го вклучуваат концептот на родова еднаквост во своите стратегии, спроведувањето е ограничено и често само делумно спроведено. Постојат обиди за подобрување на оваа состојба, вклучително и планирани измени во статутите и зголемена свест за потребата од квоти, но конкретните акции и видливите резултати се сè уште недоволни. Политиките кои се однесуваат на попреченост, иако се вклучени во некои организации, сè уште не се целосно спроведени. Квотите за родова еднаквост и вклучување лица со попреченост се ограничени, а свеста за нивната важност е во голема мера декларативна. Дополнително, недостасуваат конкретни обуки и механизми кои ќе обезбедат вистинска инклузија и еднаквост.

## 2.3. Бариери во пристапот на жените до позиции на одлучување

Кога станува збор за пристапот на жените до позиции на одлучување во спортот, некои од федерациите сметаат дека проблемот е што кај жените како тренери и спортисти не постои интерес за овие позиции.

*„Тука имаме проблем, како да најдеме жени, а не дали се загрозени“.*[64]

Меѓутоа најголем дел од учесниците/чките во фокус-групата, но и интервјуираните екпертки укажаа дека кај голем дел од жените постои интерес, но постојано се соочуваат со бариери од различен вид кои им го отежнуваат напредувањето.

*„Жените немаат чувство дека се добредојдени во спортските организации и затоа немаат желба да останат да работат во спортот и да градат работна кариера“.*[65]

*„Најголем проблем е што немаме спортистки над 16 години, тие најчесто работат и студираат и се откажуваат од спортот“.*[66]

Видувањата на испитаничките со попреченост е дека *„жените со попреченост немаат пристап до обуки за професионален развој на национално или на меѓународно ниво“.*[67]

Според учесниците/чките во фокус-групата јавните огласи за раководни функции во спортските организации не се јавно достапни и најчесто интерно се дознава кој е ставен на позицијата, што оневозможува жените воопшто да се пријават за овие позиции. Од друга страна, испитаниците со попреченост посочуваат дека јавните огласи не се во пристапни формати.

И покрај тоа што дел од жените во спортот првенствено тврдат дека не се соочиле со некаков вид на дискриминација во спортот, во текот на разговорите беше очигледно дека речиси сите

[62] Изјава од анкетниот прашалник.

[63] Изјава од интервјуто со спортистите/ките со попреченост.

[64] Изјава од анкетниот прашалник.

[65] Изјава од експертско интервју.

[66] Изјава од експертско интервју.

[67] Изјава од интервјуто со спортистите/ките со попреченост.

биле во ситуација кога биле дискриминирани, но и кога други жени во спортот биле дискриминирани за сметка на мажите.

*„Жените во ракометот беа многу вреднувани поради големиот успех на Кометал, но иако во моментов достигнувањата на машката и женската репрезентација се подеднакви, мажите земаат повеќе пари“.*[68]

Постои и родова несензитивност или недостаток на препознавање на проблемите со кои се соочуваат жените во спортскиот сектор, особено кога станува збор за факторите на ризик кои го ограничуваат нивниот развој и градење кариера. Несразмерната поделба на обврските околу семејството и домот создава сериозни пречки за жените, но овие бариери понекогаш не се препознаваат ни од самите жени, кои можеби не ги сфаќаат во целост како фактори што ги ограничуваат нивните можности за професионален напредок.

*„Не постои родово базирана дискриминација, но жените немаат доволно време да се посветат на работа во спортот заради недостаток на слободно време* и заради обврските во домот“.[69]

Дискриминацијата на жените во спортот, според дел од изјавите на различни учесници/чки кои беа вклучени во ова истражување, започнува многу порано, во текот на детството, кога пристапот до спорт за девојчињата е веќе отежнат.

*„Жените се дискриминирани уште од самиот почеток во пристапот до спортот – момчињата уште од најрана возраст имаат пристап до топка, терен и слично“.*[70]

*„И покрај тоа што порано имаше екипи и во машка и во женска лига, во Општина Центар има школска лига која ги вклучува само машките и нема воопшто женски спорт, освен одбојка. Од општината оставаат на наставниците која екипа ќе ја вклучат во однос на буџетот кој им е ставен на располагање“.*[71]

Притоа, оваа ситуација продолжува со возраста и се одразува и понатаму во занимавањето со професионален спорт.

*„Кога станува збор за женски или машки натпреварувачи, во кој било спорт, има сериозен проблем во однос на основни работи – сали, третман, женски тренери, услови за работа и тренинг, финансии, како главен причинител за откажување на жените уште од најрана возраст од спортот“.*[72]

Дискриминаторската пракса според учесниците/чките во истражувањето е присутна во сите сегменти на женскиот спорт, што особено е видливо во висината на надоместоците кои ги добиваат за својата работа и ги опфаќа не само спортистките, туку и тренерите и судиите.

*„Има голема дискрепанца во платите на сите нивоа (спортистки, судијки...). Иако има сè поголемо учество на жените, сепак разликата во надоместокот е сè уште голема“.*[73]

*„Постои различен надоместок за судење на машки или на женски натпревар. За судење на женски натпревар се зема околу 10% од судење на машки натпревар. Дополнително, женските судии се секогаш последни опции за делегирање на натпревар“.*[74]

Испитаничките со попреченост не дадоа поголеми образложенија за дискриминацијата, но посочуваат дека *„имало случаи на дискриминација во МПК, и тоа многу“.*[75]

68 Изјава на учесник/чка на фокус-групата.

69 Изјава од учесничка во фокус-групата.

70 Изјава од експертско интервју.

71 Изјава на учесник/чка на фокус-групата.

72 Изјава од експертско интервју.

73 Изјава на учесник/чка на фокус-групата.

74 Изјава на учесник/чка на фокус-групата.

75 Изјава од интервју со лице со попреченост.

Токму финансискиот аспект беше еден од клучните аспекти кој беше истакнат од страна на речиси сите учесници/чки во истражувањето, односно финансиската поддршка која (не) ја добиваат спортистките, наспроти нивните машки колеги.

*„Очигледно е дека од различни причини се заобиколуваат женските спортистки дури и кога остваруваат многу подобри резултати. Проблемот е што федерациите ги праќаат листите, тие одлучуваат кој ќе се најде на листата“.*[76]

*„Постои нејасна и нетранспарентна распределба на финансиски средства. Сè уште е присутно размислувањето дека машките клубови ќе донесат повеќе гласови и ќе имаат повеќе влијание. Логиката на федерациите е помалку, пари во женскиот спорт, но како ќе добиеме женски спортистки без финансиската поддршка“.*[77]

Една од бариерите со кои се соочуваат жените во спортот е концентрираноста на моќта на одлучување во машките фигури во спортот. Многу често, како што е често пракса и во политиката, жените се ставаат на позиции со цел да пополнат одредена квота или симболично, но без суштински глас.

*„Дури и кога им се дава простор (на жените) да се вклучат во одредени организации или комисии, многу ретко се слуша нивниот глас. Се позиционираат само за да пополнат одредена бројка, но без да можат да направат промени. Крајниот збор го имаат директорите и претседателите кои најчесто се мажи“.*[78]

*„Постојат многу родови стереотипи, особено дека спортот и лидерските позиции се резервирани за мажи, а дополнително проблемот е што жените не се вмрежани, меѓу себе не се поттикнуваат, сè уште немаат свест дека треба да се здружат и заедно да се изборат за промени“.*[79]

Испитаничките со попреченост посочија дека жените со попреченост *„не се вклучени во подготовка на програмите/иницијативите на МПК ниту во други иницијативи кои се поддржани од страна на Министерство за спорт“.*[80]

Во однос на меѓусебната поддршка за промени, некои од експертките сметаат дека има ниско ниво на солидарности и помеѓу жените во спортот, кое е резултат на недоволната свест за поддршка, но и постојаното разочарување заради неможноста да се направат промени.

*„Постои минимум женска солидарност што произлегува од партијархалната култура која е доминантна кај нас. Девојчињата немаат позитивни модели на жени на лидерски позиции со кои ќе се поврзат и главно се поврзуваат со машки модели на лидерство кое е многу индивидуално. Тоа е доминантно кај нас и тоа можете да го видите во спортските институции и организации, дури и на фотографии од важни настани каде најчесто гледате само мажи, што веднаш ве става во инфериорна позиција“.*[81]

*„Дури има и жени кои не се сензитивни, кои имаат тотална недоверба во институциите дури и во оние во кои самите тие се вработени.“*[82]

Неколку од интервјуираните лица укажуваат на високото ниво на несоработка помеѓу различни спортски организации и институции, што спречува воведување суштински промени во спортскиот сектор, како и креирање политики базирани на докази.

[76] Изјава на учесник/чка на фокус-групата.

[77] Изјава од експертско интервју.

[78] Изјава од експертско интервју.

[79] Изјава од експертско интервју.

[80] Изјава на испитаничка со попреченост

[81] Изјава од експертско интервју.

[82] Изјава од експертско интервју.

*„Постојано слушаме за конфликтите и нетрпение и несоработка на спортските институции и федерациите, како и политички превирања. Тешко да се истражува и да се прибираат податоци зашто сме мала средина и секој работи само за себе, несоработка постои дури и меѓу жените во тие институции“.*[83]

Кога станува збор за понатамошни стратегии кои ќе овозможат позитивни промени и унапредување на политиките и праксата на еднаквост во спортот, учесниците/чките упатија на потребата од интервенции на повеќе различни нивоа.

*„Се соочуваме со системска дискриминација и ограничени можности за напредување на жените во нашата земја. Родовата (не)еднаквост во спортот е институционален проблем и затоа потребни ни се институционални промени“.*[84]

*„Ни треба поагресивен пристап. Прибирање статистики и подигање на свеста на луѓето, повеќе обуки, целење на групи со кои треба да се работи“.*[85]

*„Излезот го гледам во финансиско зајакнување на жените“.*[86]

Дел укажаа на потребата од подигнување на свеста на индивидуално ниво.

*„Мора да ја кренеме свеста за важноста за вклучување на жените, особено на раководните позиции, преку развој на битните вештини, а не да имаме жени лидери со машки особини“.*[87]

Некои од учесниците/чките во истражувањето ја истакнаа улогата на медиумите, имајќи предвид дека од медиумската покриеност во голема мера зависи и поддршката што ќе ја добијат женските клубови и спортистки.

*„Голема улога имаат медиумите во кои целосно отсуствува родовата еднаквост, треба повеќе сензитивност“.*[88]

## 2.4. Интерсекциска дискриминација во спортскиот сектор

*„Имаме очајни бројки за помагање на врвни спортисти, а уште помалку на жени со попреченост“.*[89]

Испитаниците со попреченост посочуваат дека спортските сали во државата *„се непристапни за сите лица со порпеченост, особено за вклучување на спортистите со попреченост, како спортисти. Покрај физичката непристапност, спортските терени не се пристапни ни за лица со сензорна попреченост (од аспект на лица со слаб вид, како и лица со оштетен вид)“.*[90]

Врз основа и на увидот на интернет-страниците на ОКСМ[91] и МПК[92] и Министерство за спорт[93], може да се согледа дека истите не ги обезбедуваат информациите во пристапни формати.

[83] Изјава од експертско интервју.
[84] Изјава од експертско интервју.
[85] Изјава на учесник/чка на фокус-групата.
[86] Изјава од експертско интервју.
[87] Изјава од експертско интервју.
[88] Изјава на учесник/чка на фокус-групата.
[89] Изјава од експертско интервју.
[90] Изјава на испитаничка со попреченост.
[91] Интернет-страница на Олимпискиот комитет https://mok.org.mk/.
[92] Интернет-страница на Параолимпискиот комитет https://mok.org.mk/.
[93] Интернет-страница на Министерството за спорт https://ams.gov.mk/mk/home.



# 3. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 3.1. Заклучоци

Истражувањето за родовата застапеност во спортските национални организации открива значајни бариери и фактори на ризик за жените, особено на позициите на одлучување и во спроведување на политиките за родова еднаквост. Податоците покажуваат драстична нерамнотежа во родовата застапеност на овие позиции, што укажува на системска исклученост на жените од клучните одлуки во спортот. Оваа ситуација негативно влијае на понатамошниот развој на спортот на рекреативно и професионално ниво, како и на новите генерации девојки кои сакаат да се вклучат во спортските активности.

Иако 76,7% од организациите декларираат интегрирање на родовата еднаквост во своите стратегии, спроведувањето е значително ограничено. Повеќе од половина од овие политики се делумно спроведени или воопшто не се спроведени што укажува на потребата за поголема посветеност на реализација на овие политики и создавање конкретни мерки за подобрување на родовата еднаквост.

Понатаму, анализата покажа дека постои перцепција за недостаток на интерес кај жените да аплицираат на позиции на одлучување во спортскиот сектор. Овој сектор често се гледа како поле резервирано и доминирано од мажи, што дополнително ја потиснува желбата на жените да учествуваат во овие улоги.

Еден од структурните предизвици е и ограничениот пристап до информации за отворените позиции за работен ангажман во рамките на организациите. Често, овие позиции не се јавно достапни ниту соодветно промовирани, што резултира со недоволен дофат до голем број на жени. Врз основа на анализата на интернет-страниците на спортските организации, многу мал број организции имаат достапна интернет-страница, што дополнително го отежнува пристапот до информации.

Дополнителна бариера е што жените често носат одговорност за грижа за семејството и домот, што значително ги ограничува нивните можности за посветување време на кариерата во спортот. Оваа ситуација создава уште еден фактор на ризик, бидејќи жените имаат помалку ресурси и време за развој на својата кариера, што ги отежнува нивните амбиции и можности за напредување во спортските организации.

Резултатите од истражувањето ја истакнуваат дискриминацијата на жените со попреченост, кои се наоѓаат во уште понеповолна ситуација, со ограничен пристап до ресурси и можности за развој. Имено, речиси да нема достапни податоци за жените со попреченост во спортскиот сектор, што укажува на нивно слабо учество.

Беше воочен недостаток на податоци за спортот во женска категорија. Често, податоците кои се собираат од страна на спортските организации не се јавно достапни, не се обработуваат во пристапни формати и уште поважно, не се сегрегираат врз основа на пол и/или род. Ова значи дека не постои јасна слика за тоа како се распределуваат ресурсите, на кој начин се поддржуваат спортистките или какво е нивното учество во споредба со спортистите.

Недостатокот на истражувања на оваа тема дополнително го отежнува креирањето ефикасни политики и мерки за промоција на родовата еднаквост во спортот. Без систематски истражувања на прашања како што се финансирањето на женскиот спорт, пристапот до спортска инфраструктура, и можностите за професионален развој на жените остануваат на маргините. Ова ја намалува видливоста на женскиот спорт, ги ограничува шансите за подобрување на условите за спортистките и го спречува развојот на сеопфатни и одржливи решенија.

Недостатокот од полово и/или родово сегрегирани податоци е присутен и на институционално ниво. Иако Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените и Законот за заштита и спречување од дискриминација ја пропишуваат обврската за водење и доставување родово сегрегирани податоци до Државниот завод за статистика, оваа обврска често не се спроведува во пракса. Недостатокот на вакви податоци го отежнува согледувањето на реалната состојба и креирањето ефективни политики за унапредување на родовата еднаквост, особено во спортот.

За да се постигне родова еднаквост во спортот и да се обезбеди еднаква родова застапеност на одлучувачките позиции, неопходно е да се применат системски мерки и стратегии. Овие мерки треба да гарантираат дека жените, вклучувајќи ги и оние со попреченост, ќе имаат еднакви можности за учество и напредок.

Се наметнува потребата за конкретни активности кои ќе се фокусираат на справување со структурните процедури и културните бариери што го зајакнуваат родовиот јаз. Паралелно, важно е да се промовираат програми за професионална надградба во спортот, создавајќи поволни услови за вклучување и напредок на жените во сите сфери на спортскиот сектор.

## 3.2. Препораки

Врз основа на заклучоците од наодите од спроведеното истражување беа изработени препораки насочени кон креирање системски решенија кои ќе го подобрат статусот на родовата еднаквост и инклузивноста во спортот. Тие се поделени во три категории: општи препораки, препораки кон креаторите на политики и препораки кон националните спортски организации, со цел да се обезбеди насочено дејствување и ефикасно спроведување.

### Општи препораки

- Да се спроведат истражувања и анализи за родовата (не)еднаквост во спортот и да се предложат ефективни мерки за подобрување на инклузивноста и застапеноста.
- Да се подигне јавната свест за важноста на родовата еднаквост и инклузивноста преку кампањи и образовни програми.
- Да се поддржи создавањето инклузивно спортско опкружување преку препознавање и елиминирање на дискриминаторските практики, со акцент на обезбедување еднакви можности за сите.
- Да се поттикне соработка со локалните заедници и со релевантните организации за развој и унапредување инклузивни спортски програми и активности.

## Препораки за институциите надлежни во областа на спортот

- Да се воведе задолжителен услов за државно финансирање на националните спортски федерации, со минимум од 40% родова застапеност на одлучувачките позиции во структурите на федерациите.
- Да се прилагодат законите и подзаконските акти во областа на спортот во насока на поголема родова сензитивност и сензитивност по основ на попреченост и да се пристапи кон усогласување со меѓународните стандарди за недискриминација и еднаквост.
- Да се обезбеди градење на капацитетите на спортските национални федерации со цел нивно добро запознавање со развојот и интеграцијата на одговорни политики како по основ на род, така и по основ на попреченост и подготвеноста да одговорат на задолжителниот услов за државно финансирање.
- Да се воспостави систем за собирање, анализа и јавно објавување на интерсекциски разделени и пристапни податоци, со цел транспарентно следење на поддршката и развојот на спортот во женска категорија.
- Да се унапреди комуникацијата помеѓу Централниот регистар на Северна Македонија и Министерството за спорт, со цел да се обезбеди навремена и ефикасна размена на информации за регистрацијата и при промени во рамките на правните субјекти кои вршат спортска дејност.
- Да се иницираат и поддржат постојните даночни стимулации за проекти кои промовираат родова еднаквост и вклучување лица со попреченост во спортот, развиени од експерти во оваа област.
- Да се поддржат активности за развој на женскиот спорт и спортски дисциплини кои се специфични за лицата со попреченост, преку буџетски алокации и финансиска поддршка.
- Да се обезбеди еднаква поддршка при доделување државни награди за истакнати спортисти и спортски работници, во машка и во женска категорија, вклучувајќи ја и попреченоста.
- Да се утврдат индикатори за следење на напредокот во инклузивната еднаквост во спортските програми.
- Да се поттикне соработка со граѓански организации кои работат на родова еднаквост и попреченост во спортот.
- Да се обезбедат средства за кампањи кои ќе ги подигнат свеста и разбирањето за правата и можностите на лицата со попреченост во спортот.

## Препораки за националните спортски организации

- Обезбедете најмалку 30% од раководните позиции во делегациите испратени на меѓународни спортски настани (шеф на мисија, заменик шеф на мисија, тимски лидери) да бидат пополнети од жени.
- Обезбедете родова застапеност на генералното собрание преку задолжително вклучување на еден женски и еден машки претставник. Овој пристап создава поинклузивна средина за донесување одлуки и ја зајакнува улогата на жените во процесите на управување.
- Да се усвојат и спроведат политики за родова еднаквост и попреченост, со вклучување квоти за родова застапеност во одлучувачките органи.

- Да се формираат комисии за родова еднаквост и инклузија или да се назначат лица одговорни за овие прашања.
- Да се промовираат принципите на добро владеење, вклучувајќи ограничување на максимум два мандати на истата позиција и поттикнување ротација во родовата застапеност за клучни избрани позиции (т.е. претседател/ка, финансиски директор/ка, секретар/ка).
- Активно и јавно да се промовираат достапните позиции во спортските структури преку различни канали и пристапни формати, со цел да достигне поголем број жени, притоа користејќи родово сензитивен јазик во огласите.
- Да се развијат обуки, менторски и лидерски програми за жени, особено по завршувањето на спортската кариера, со цел поголем личен и професионален развој и задржување на жените во спортскиот сектор.
- Да се организираат обуки за родова сензибилизација на сите членови на организацијата, вклучувајќи теми како што се почитувањето на родовата еднаквост, различноста и инклузивното лидерство, како и идентификување на пречките со кои се соочуваат жените со и без попреченост.
- Да се обезбеди целосно учество на жените со и без попреченост во подготовка на сите документи кои се релевантни за развојот на организацијата, како и во креирање на буџетот.
- Да се промовираат флексибилни работни договори за жените во спортскиот сектор, вклучително работа со флексибилно време и/или работа од дома, кои ќе овозможат поголема рамнотежа помеѓу приватниот и професионалниот живот.
- Да се воспостават внатрешни политики во спортските организации кои активно ќе промовираат вклучување на лицата со попреченост во сите аспекти на организацијата, вклучувајќи регрутирање персонал, тренери, судии и друго.
- Да се развијат механизми за следење и оценка на напредокот во вклучувањето на лицата со попреченост, со јасни индикатори за успех и редовно известување во редовните спортски активности и во спортските федерации на лицата со попреченост.
- Да се воведат програми за поддршка на спортските клубови за вклучување лица со попреченост, вклучувајќи опрема и инфраструктура.
- Да се обезбеди пристапност на сите спортски активности и програми за лицата со попреченост, со развој на нови дисциплини и приспособени формати.



# БИЛИОГРАФИЈА


Culver, D., & Shaikh, M. (2020). *Gender equality in sport for disability: A quick review of the literature*. Gender Equality Research Centre, University of Toronto. https://ruor.uottawa.ca/server/api/core/bitstreams/33777ca8-a2ff-4cb3-b3fb-750a19a50137/content

Европска комисија. (2020). *Study on athletes' rights in and around big sport events: A report to the European Commission; UNGA (2020) A/HRC/44/26*.

Европска комисија. (2022). *Strategy for greater gender equality in sport: Recommendations and action plan*. Преземено од https://sport.ec.europa.eu/policies/sport-and-society/gender-equality

Европска комисија: Directorate-General for Education, Youth, Sport and Culture. (2007). *White Paper on sport*. Publications Office of the European Union. https://eur-lex.europa.eu/EN/legal-content/summary/white-paper-on-sport.html

Европска Унија. (2020). Стратегија за родова еднаквост 2022-2025. Преземено од https://ec.europa.eu/newsroom/just/items/682425/en

Европска Унија. (2023). Работен план на Европската Унија за спорт 2024-2027. Преземено од https://sport.ec.europa.eu/news/adoption-of-new-eu-work-plan-for-sport-2024-2027

Олиписки комитет на Северна Македонија. *Gender Equality Action Plan 2023-2028*.www.mok.org.mk

Олиписки комитет на Северна Македонија. (2021). Статут на Олимпискиот комитет на Северна Македонија.

Меѓународен олимписки комитет. (2017). *Gender equality report and recommendations*. Преземено од https://olympics.com/ioc/gender-equality

Меѓународен олимписки комитет. (2022). *Olympic Charter*. Преземено од https://olympics.com/ioc/olympic-charter

Меѓународна биатлон федерација. (2021). *Gender Equality Strategy 2021-2026*. Преземено од https://assets.ctfassets.net/cz0vl36hcq0x/HAeN2FAcUiOuIFihHBA/4a98b4f3772404f662eea9ac8a90eb27/IBU_GE_Strategy_2021.2024.pdf

Интерпарламентарна унија и Обединетите нации. (2016). Човекови права: Водич за парламентарци бр. 26. Интерпарламентарна унија.

Veal, J. (2022). *Sport and human rights: Assessing the performance of nation states in assuring the right to sport participation*. Преземено од UN Women, https://doi.org/10.1080/16138171.2022.2032920UN Division for the Advancement of Women, Department of Economic and Social Affairs. (2007). *Women 2000 and Beyond*. Преземено од https://www.un.org/womenwatch/daw/public/Women%20and%20Sport.pdf

UN Women. Преземено од https://www.unwomen.org/en/digital-library/publications/2015/01/beijing-declarat

UNESCO. (2015). *International Charter of Physical Education, Physical Activity and Sport*. United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization. Преземено од https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000235409

UN Women. (2022). Родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија. Преземено од https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2022/11/gender-equality-in-sport-in-north-macedo

nia?fbclid=IwY2xjawF916ZleHRuA2FlbQIxMAABHbRp6AVmZXmbLjxsV629KJjSG3rmrEw3ST41RH8jFm7roTnfrpSGdveryQ_aem_BPl46lmGXcN89Q0F_sdAaQ

Универзална декларација за човековите права. (1948). Резолуција на Генералното собрание 217A (III), член 25. https://www.healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/%D0%9EN/1%20-%20%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%87%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0.pdf

Конвенција за правата на лицата со попреченост, ООН, 2006 година. Преземено од https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-rights-persons-disabilities

Резолуција за Европската димензија на спортот, 2022. Преземено од https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A52012IP0025

UN Women. (2022). Родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија. Преземено од https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2022/11/gender-equality-in-sport-in-north-macedonia?fbclid=IwY2xjawF916ZleHRuA2FlbQIxMAABHbRp6AVmZXmbLjxsV629KJjSG3rmrEw3ST41RH8jFm7roTnfrpSGdveryQ_aem_BPl46lmGXcN89Q0F_sdAaQ

## Национални закони и документи

Закон за еднакви можности на жените и на мажите (пречистен текст), Службен весник на РСМ, бр. 201/2015.

Закон за игрите на среќа и за забавните игри

Закон за спорт (редакциски пречистен текст).

Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ, бр. 258/2020.

Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, Службен весник на РСМ, бр. 24/2021.

Правилник за поблиските квалитативни и квантитативни критериуми за користење средства од даночно ослободување, начинот на бодување и рангирање, како и формата и содржината на барањето за користење средства од даночно ослободување и на листите на национални спортски федерации, спортски клубови, активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и на други правни лица кои имаат решение за вршење дејност спорт, Службен весник на РСМ, бр. 5/2022.

Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игрите на среќа и од забавните игри во 2024 година, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 10-480/8 19 февруари 2024.

Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игрите на среќа и од забавните игри во 2023 година, Службен весник број 21 од 1 февруари 2023.

Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игрите на среќа и од забавните игри во 2022 година, Службен весник број 27 од 8 февруари 2022.

Стратегија за родова еднаквост 2022-2027, Службен весник на РСМ, бр. 170/2022.

Уредба за условите, критериумите и начинот на доделување категорија спортист – спортска надеж, Службен весник на РСМ, бр. 127/2008.



# АНЕКСИ

## Анекс 1. Прашалник за родовата застапеност во националните спортски федерации, ОКСМ и МПК

### Прашалник за застапеност на жени во раководните структури на националните олимписки, параолимписки и спортски институции

Ова истражување се спроведува во рамките на проектот „Фер игра: Поддршка на родовата еднаквост во спортските политики“ и ќе послужи за собирање податоци за застапеност на жените на позициите на одлучување во спортските национални федерации. Главната цел на проектот е да ја унапреди родовата еднаквост во спортскиот сектор и истиот вклучува градење капацитети на националните федерации, како и нивно супгрантирање со цел спроведување на препораките за надминување на системските родово базирани бариери и поголема родова застапеност на жените во спортот и спортскиот систем, со посебен осврт на жените со попреченост.

Прашалникот се состои од 20 прашања и потпрашања и за негово пополнување ќе ви бидат потребни 5-10 минути. Однапред ви благодариме на одвоеното време.

Сите податоци кои ќе бидат собрани преку овој прашалник ќе се третираат со високо ниво на доверливост. Податоците ќе бидат употребени исклучиво за целите на ова истражување.

Доколку имате прашања во врска со пополнување на прашалникот, обратете се на: mitevska@sportsolutions.mk

-------------

*позициите на одлучување во националните федерации се однесуваат на претседател/ка, генерален секретар/ка или извршен директор/ка, членови со право на глас во рамките на генералното собрание, членови со право на глас во управниот одбор, претседатели/ки на комисии.
*лица со попреченост се лица со долготрајна физичка, сензорна, интелектуална и психосоцијална попреченост, кои во интеракција со различни општествени бариери може да го оневозможат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите.

## Прашање 1.

Ве молам наведете го името на Вашата олимписка/спортска организација.

## Прашање 2.

Ве молам наведете го полот на претседателот/ката на спортската национална федерација/комитет.

- Машки
- Женски

## Прашање 3.

Ве молам наведете го полот на генералниот секретар/ка на спортската национална федерација/комитет (во понатамошните прашања ќе се употребува терминот: организација).

- Машки
- Женски

## Прашање 4.

Ве молиме наведете го бројот на членови  на генералното собрание на организацијата кои се мажи.

4.1. Ве молиме наведете го бројот на членови  на генералното собрание на организацијата кои се мажи со попреченост.

## Прашање 5.

Ве молиме наведете го бројот на членови  на генералното собрание на организацијата кои се жени.

5.1. Ве молиме наведете го бројот на членови  на генералното собрание на организацијата кои се жени со попреченост.

## Прашање 6.

Ве молиме наведете го бројот на членови во извршното тело (може да биде познато како извршен комитет, управен одбор или со друго име) на организацијата кои се мажи.

6.1. Ве молиме наведете го бројот на членови во извршното тело на организацијата кои се мажи со попреченост.

## Прашање 7.

Ве молиме наведете го бројот на членови во извршното тело на организацијата кои се жени.

7.1. Ве молиме наведете го бројот на членови во извршното тело на организацијата кои се жени со попреченост.

## Прашање 8.

Дали организацијата има ограничување на мандатот за позицијата претседател/ка?

- Да
- Не

8.1. Доколку одговорот е ДА, наведете го максималниот број мандати на претседателот/ката и должината на секој мандат.

Број на мандати ________

Должина на мандатот ________

## Прашање 9.

Дали постои староснa граница за позицијата претседател/ка?

- Да
- Не

9.1. Доколку одговорот е ДА, Ве молиме наведете ја старосната граница на претседателот/ката.

## Прашање 10.

Дали организацијата има ограничување на мандатот за позицијата генерален секретар/ка?

- Да
- Не

10.1. Доколку одговорот е ДА, Ве молиме наведете го максималниот број мандати на генералниот секретар/ка и должината на секој мандат.

Број на мандати ________

Должина на мандатот ________

## Прашање 11.

Дали постои старосна граница за позицијата генерален секретар/ка?

- Да
- Не

11.1. Доколку одговорот е ДА, Ве молиме наведете ја старосната граница на генералниот секретар/ка.

## Прашање 12.

Дали организацијата има ограничувања на мандатот за сите позиции во извршното тело?

- Да
- Не

12.1. Доколку одговорот е ДА, Ве молиме наведете го максималниот број мандати и должината на секој мандат за членовите на извршното тело.

Број на мандати ________

Должина на мандатот ________

## Прашање 13.

Дали организацијата има старосна граница за членовите во извршното тело?

- Да
- Не

13.1. Ако одговорот е ДА, Ве молиме наведете ја старосната граница за позициите во извршното тело.

## Прашање 14.

Дали некои членови на извршното тело се избираат преку отворена регрутација (јавен повик) врз основа на квалификации и надлежности наместо да бидат именувани?

- Да
- Не
- Делумно

14.1. Ако одговорот е ДА или ДЕЛУМНО, Ве молиме наведете на кој начин се објавува јавниот повик (означете ги сите одговори кои се релевантни).

- Веб-страница на федерацијата
- Социјални медиуми на федерацијата
- Печатени медиуми
- Друго

14.2. Доколку одговорот е ДРУГО, Ве молиме наведете на кои начини се објавува јавниот повик.

## Прашање 15.

Наведете колку вработени со полно работно време во организацијата се мажи (Ве молиме не вклучувајте персонал кој ви помага само во одредени прилики, како на пример при организација на одредени настани).

15.1. Наведете колку вработени со полно работно време во организацијата се мажи со попреченост.

## Прашање 16.

Наведете колку вработени со полно работно време во организацијата се жени (Ве молиме не вклучувајте персонал кој ви помага само во одредени прилики, како на пример при организација на одредени настани).

16.1. Наведете колку вработени со полно работно време во организацијата се жени со попреченост.

## Прашање 17.

Дали родовата еднаквост е интегрален дел од Вашите правни документи (означете ги сите одговори кои се релевантни)?

- Стратегија на организацијата
- Статут
- Деловник
- Друго

17.1. Доколку одговорот е ДРУГО, Ве молиме наведете.

17.2. Ако родовата еднаквост е интегрален дел од политиките на организацијата, каков е статусот на неговото спроведување?

- Целосно спроведен
- Делумно спроведен
- Сѐ уште не е спроведен

## Прашање 18.

Дали попреченоста е интегрален дел од политиките на организацијата?

- Да
- Не

18.1. Ако одговорот е ДА, каков е статусот на неговото спроведување?

- Целосно спроведен
- Делумно спроведен
- Сѐ уште не е спроведен

19. Дали имате воспоставено т.н. родови квоти и квоти за вклучување на различностите (попреченост) во статутот на организацијата кои се однесуваат на извршниот одбор и/или позициите на одлучување?

- Да, имаме воспоставено родови квоти
- Да, имаме воспоставено квоти за вклучување лица со попреченост
- Ништо од наведеното

20. Ве молиме наведете доколку имате дополнителен коментар или податоци кои би сакале да ги споделите во однос на темата на истражување.

# Анекс 2. Прашалник за експертски интервјуа

## Прашалник за експертски интервјуа

1. Кое е Вашето мислење/впечаток за состојбата со родовата еднаквост во спортот во Македонија, односно позицијата на жените и жените со попреченост во спортот, како спортистки, но и на одлучувачки позиции? Каква е состојбата во спортските клубови, спортските федерации, други спортски институции?
2. Дали според Вас постои родова сензитивност и сензитивност на различност во рамките на спортските организации и институции? Каде го гледате тоа? Како според Вас би се подобрила сензитивноста на спортските организации и институции во поглед на нивна поголема свесност и сензитивност за прашањата на различност?
3. Дали сметате дека постои интерес кај жените за напредување на раководни позиции во спортските организации и институции? Според Вас, со какви бариери се соочуваат жените и жените со попреченост при напредување на раководни функции? На кој начин сметате дека тие би можеле да се надминат?
4. Дали сметате дека постојните закони и политики соодветно го посочуваат прашањето на родовата вклученост и еднаквост и инклузија од аспект на попреченост? Доколку не, што сметате дека би придонело за подобрување на законската регулатива во овој поглед?
5. Дали сметате дека спортистките и женските спортски клубови во Македонија имаат соодветна поддршка, особено финансиска, за занимавање со спорт и напредување? Дали според Вас критериумите за добивање поддршка се дискриминирачки за жените и жените со попреченост и женското спортување? Доколку да, во што се состои нееднаквиот третман?
6. Дали некогаш директно сте се соочиле или знаете за случај на некаков вид родова дискриминација и/или дискриминација врз основа на попреченост во спортот? На кој начин според Вас би можело да се надмине родовата дискриминација и дискриминацијата на основа на попреченост во спортот?

# Анекс 3. Контактирани спортски организации преку електронска пошта за доставениот прашалник

1. Фудбалска федерација на Македонија
2. Ракометна федерација на Македонија
3. Кошаркарска федерација на Македонија
4. Одбојкарска федерација на Македонија
5. Атлетска федерација на Македонија
6. Национална боксерска федерација
7. Боречка федерација на Северна Македонија
8. Кајакарска федерација
9. Национална пливачка федерација на Северна Македонија
10. Скијачка федерација на Северна Македонија
11. Македонска спортско стрелачка федерација

12. Македонска стреличарска федерација
13. Тениска федерација на Македонија
14. Македонска бадминтон федерација
15. Пингпонгарска федерација на Македонија
16. Национална федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија - Параолимписки комитет
17. Олимписки комитет на Северна Македонија
18. Џудо федерација на Македонија
19. Велосипедска федерација на Македонија
20. Македонско таеквондо федерација
21. Мечувалечка федерација на Македонија
22. Веслачка федерација на Македонија
23. Федерација на коњичките спортови на Македонија
24. Едриличарска федерација на Македонија
25. Федерација на гимнастичките спортови на Македонија
26. Самбо федерација
27. Триатлон федерација на Северна Македонија
28. Карате федерација на Македонија
29. Македонска традиционална карате федерација
30. Кик бокс маитаи федерација на Македонија
31. Кугларска федерација на Северна Македонија
32. Автомобилистичка федерација на Северна Македонија
33. Македонска спортско качувачка Федерација
34. Алпинистичка федерација на Македонија
35. Мотоциклистичка федерација на Македонија
36. Боди-билдинг и фитнес федерација на Македонија
37. Танцова спортска федерација на Македонија
38. Федерација на воздухопловните спортови на Македонија
39. Аикидо федерација на Македонија
40. Кендо иаидо федерација на Македонија
41. Федерација за планинарство на Македонија
42. Национална ориентациска федерација
43. Федерација на училиштен спорт на Македонија
44. Сојуз на спортските федерации на Македонија
45. Универзитетска спортска федерација на Македонија
46. Национална федерација Спорт за сите на Северна Македонија
47. Национална спортска федерација на слепите на Македонија
48. Македонска федерација на дигање тегови
49. Текбол федерација на Северна Македонија
50. Голф федерација на Македонија
51. Федерација на лизгачките спортови на Северна Македонија

52. Асоцијација на модерен пентантлон на Северна Македонија
53. Здружение Специјална олимпијада - Македонија Скопје
54. Биатлон федерација на Северна Македонија
55. МКД Скејт
56. Сојуз спорт и рекреација на инвалидите на град Скопје
57. Сојуз на спорт и рекреација на инвалидите на Битола
58. Сојуз на спорт и рекреација на инвалидите на Велес
59. Сојуз на спорт и рекреација на инвалидите на Струмица
60. Сојуз на спорт и рекреација на инвалидите на Тетово